MACEDONIA
# Македонија
NEWSPAPER

February 05, 2024 ■ Volume 41, Issue 4 (464) ■ Free www.macedonianewspaper.com




## Честит Свети Трифун - ден на лозјето и виното

Македонија

Е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка.
Излегува во првата седмица од месецот.
Првиот број на "Македонија" излезе на први ноември 1984 година и оттогаш весникот излегува редовно, секој месец уредуван од Танас Јовановски за-



клучно со октомври 2013-та година од кога истиот е под уредништво на Соња Лозановска.
Почитувани читатели и соработници:
Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најдоцна до 1-от ден во месецот, за да бидат објавени во бројот за тој месец.
ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите или изворот на информацијата се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата.
Редакцијата на "Македонија" е одговорна само за текстовите без потпис.
Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.
Помогнете го весникот Македонија, помагајќи го ја помагате македонската заедница, македонскиот збор, македонската вистина..



*Со почит,*
*<u>Соња Лозановска</u>*
*главен и одговорен уредник.*

*Техничко уредување и дизајн Соња Лозановска*

<u>Our address:</u>
**Macedonia**
**1840 Bloor Street,**
**Suite 711**
**Mississauga, ON**
**L4X 1T2**
<u>Tel. :416-827-0954</u>
macedonia.canada@yahoo.com
Published by
901039 Ontario Limited

# Македонија

## Месечен весник на Македонците во Канада. Првиот број беше објавен на 1-ви ноември 1984 година.

**Почитувани читатели,**
**Продолжувањето на нашата мисија во зачувување на македонската култура, јазик, идентитет и традиции е невозможно без Вашата поддршка и помош.**
**Затоа, Ве покануваме да го помогнете и да се претплатите на весникот Македонија.**
**Истиот ќе биде доставен во првата седмица од месецот до Вашиот дом или работно место.**
**Ви благодариме.**

## <u>Голема благодарност до нашите соработници:</u>

***<u>Танас Јовановски</u>***
<u>- поранешен уредник на весникот ,,Македонија'', колумнист</u>
***Протаставрофор Илија Донев -*** *соработник за верата*
***Никола Петковски*** - креатор на крстозборот за весникот Македонија
***Зоран Андоновски*** – соработник
***Ташко Кубановски*** - за рубриката ,,Афоризми''(Постхумно, архивирани необјавени материјали)
***Зоран Карапанчев*** - фотограф, соработник
***Боне Темелков -*** *СМК-Канада*

Специјални Дописници:
За Македонците од Албанија известува
***Никола Ѓурѓај***
Од Пиринска Македонија за весникот Македонија:
***Стојко Стојков***
***Блага Дафовска*** *во рубриката ,,Поезија со повод,,*
***Славе Катин -*** *соработник публицист*
Колумнисти:
***Горнан Јовановски***
***Диме Костов***
***Каролина Ристеска- ,,Направи сам,,***

## <u>,,MACEDONIA,, AVAILABLE AT THESE LOCATIONS</u>

**The Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid"**
76 Overlea Blvd. - Toronto, Ontario - M4H 1C5

**St Ilija Macedonian Orthodox Church**
1775 Bristol Rd W, Mississauga, ON

**St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church**
201 Main St N, Markham, ON

**St Nedela Macedonian Orthodox Church**
485 Bayly St W, Ajax, ON L1S 6M7

**St. Nicholas Macedonian Orthodox Church**
5225 Howard Ave, Windsor, ON N9A 6Z6

**St. Naum of Ohrid Macedonian Orthodox Church**
1150 Stone Church Rd E, Hamilton, ON L8W

**CANADIAN MACEDONIAN PLACE**
850 O'Connor Drive, Toronto, Ontario, Canada M4B 3L6

**"California Pub & Grill"**
914 Pape Avenue Toronto, ON M4K 3V2 East York

**Stari Grad**
3862 Bloor St W, Toronto, ON M9B 1K9
starigrad.ca

**Markland Wood Pharmacy**
4335 Bloor St W, Etobicoke, ON M9C 2A5

**Old Mill Pastry Mississauga**
385 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1E7

**Pastries Delicatessen**
290 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1C6

**Sarajevo Grill & Meat**
225 The East Mall, Etobicoke, ON M9B 6J1

**Royal Meats**
3635 Cawthra Rd, Mississauga, ON L5A 2Y5

**Mrakovic Meat & Deli**
44 Wellesworth Dr, Etobicoke, ON M9C 4R1

**Phone: 416-827-0954**
**E-mail macedonia.canada@yahoo.com**
**http://www.macedonianewspaper.com/**
<u>Macedonia</u>
**1840 Bloor st. Suite 711**
**Mississauga, On.**
**L4X 1T2 Canada**

БЛАГОДАРНОСТ ДО НАШИТЕ ЧИТАТЕЛИ, ПОЧИТУВАНИТЕ МИЛЕ И СЛОБОДАНКА МАНЕВСКИ ЗА НИВНАТА ДОНАЦИЈА НА ВЕСНИКОТ ,,МАКЕДОНИЈА,,.

# МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СВЕТА НЕДЕЛА- ЕЈЏЕКС
## ИКОНИ ЗА ПРОДАЖБА

*(цените се во канадски долари)*

**1.Свети Кузман и Свети Дамјан - 2.500 една**
**2. Света Сузана - 1.000**
**3. Света Јулијана - 1.000**
**4.Света Марија Магдалена – 1.000**

### ИКОНИ НА ИКОНОСТАС:
**1.Св. Апостол Филип - 1.500**
**2.Свети Апостол Јаков - 1.500**

### ВЛАДИЧКИ СТОЛ:
**1. Владички трон - 5.000**

### ИКОНИ НА ТАВАНОТ:
**1.Сослушување пред Пилат - 12.000**

### ИКОНИ ВО ОЛТАР:
**1.Визијата на Св. Петар во Александрија - 5.000**
**2.Господ Исус Христос Јагне Божјо - 3.500.**

**За повеќе информаци јавете се**
**во црквата Света Недела:**
**Телефон: (905) 426-5355**
**485 Bayly St W, Ajax, ON L1S 6M7**















## WHAT'S NEW AT ST. CLEMENT OF OHRID MACEDONIAN ORTHODOX CATHEDRAL?

### Valentine's Dance hosted by MYNET

Saturday, February 17th at 8:30 pm. $20 Entry fee. Music by Sonja and Oliver Band.

St Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral - Annual General Members Meeting
On March 17, 2024, we will have our Annual General Meeting after church service.

### Fresco Project

The Executive of St Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral are excited to begin the completion of our Cathedral ceiling. Artist Georgi Danevski is completing the work of Frescos to cover the entire open space on the ceiling. Our first Fresco is almost complete and we are in the process of securing donations for the completion of the work. If any individuals, families, businesses or village associations are interested in donating to the completion of our Frescos, please contact the church office 416-421-7451.

### Updated Sunday School Program

St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral has launched an updated Sunday School Program. The Sunday School now features religious studies for students aged 6+ in addition to Macedonian language studies. We are also excited to launch a preschool program for children aged 5 and under. In the preschool, students will learn the fundamentals of the Macedonian language and Orthodox faith through art, music and play.

### Macedonian Language Class for Adults

We are looking to start a Macedonian Language class for adults. Classes will run Sunday from 12:00-1:00pm. If you are interested in taking part, please call the office 416-421-7451.















# МЕСЕЦ ЈАНУАРИ ОБИЛУВАШЕ СО ПРАЗНИЧНИ АКТИВНОСТИ ВО МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ВО ТОРОНТО




Годинава во македонската православна катедрална црква Свети Клиемнт Охридски отпочна празнично, со прославата на Новата Година , по што следуваа и традиционалните прослави на Коледе, Божик, Василица и Водици.

Низа свечени богослужби, река верници минаа низ црквата следејќи ги богослужбите со кои раководеа отец Сашо Целески и отец Александар Тодоровски. Женската секција со претседателката Ирена Караулис беа столб на активностите во делот на презентацијата на македонските солени и слатки производи, вклучени во текот на сите празници, како и при посетата на Дедо Мраз, на ден Божик во банкетната сала на црквата Свети Климент. На Василица, Свети Василиј, на 1-ви според стариот, или 14-ти по новиот календар по светата Литургија следуваше и традиционалната продажба на василичарските мазничиња каде што најсреќна беше Лена Мангос која го пронајде василичарското златно париче.

Во неделата, на 21 јануари, по повод празникот „Крштевање на Нашиот Господ Исус Христос – Богојавление“ (Водици), Катедралната црква „Св. Климент Охридски“, по завршувањето на Литургијата беше домаќин на годишното дарување на иконите.

Оваа година, имаше комплетно нов сет со повеќе од 100 икони за дарување со што беше комплетиран календарскиот (литургиски) циклус на празници. Новиот сет на икони, особено беше збогатен со изработување на иконите на поголемиот дел од македонските светители, истовремено стандардизирајќи ја големината и квалитетот на иконите. Нашите досегашни икони ќе бидат архивирани со цел да се сочуваат овие бесценети историски вредности кои долги години се во континуирана употреба во црквата „Св. Климент“, со што ќе бидат поставени како дел од Галеријата на икони во црквата.

Периодот после Водици е прекрасна можност да ги повикате вашите свештеници да ги благословат вашите домови. Преубав чин во којшто учествува целата фамилија. За повеќе информации за благословување на домот или за закажување, особено оние коишто ги даруваа светите икони ве молиме обратете се на парохиските свештеници о. Сашо Целески (437-225-0962) и о. Александар Тодоровски (647-801-9915).



За секоја икона е изработено кратко житие на светителот или појаснување на празникот. Новата колекција на икони можете да ја погледнете на нашата веб-страница:

**https://www.stclementofohrid.com**



Не заборавајте дека сите дарувани икони се задолжени и истите задолжително треба да ги вратите пред дарувањето за следната година.

Воедно би сакале да ве известиме дека продолжуваме со предавањата за веронаука.

Сите сте добродојдени.










Крстот од осветената вода го извади момчето Мајкл Петревски.



# VAC DEV

Accredited Nadcap

AS9100C & ISO9001:2008 Certified

## VAC DEVELOPMENTS LTD
## http://www.vacdev.com

*2270 Bristol Circle, oakville Ontario L6H 5S3*

# Bill Hristovski




## *Join the VAC Dev Team!*

*An industry leader in precision fabrication of aerospace and defence products, we are growing our organization with people who share our passion and enthusiasm for manufacturing quality products.*

**На сите newcomers**

**На сите новодојдени од Македонија им даваме можност за вработување и обезбедување на обука во авио металската индустрија, лимарија, машинство и инжинерство, планирање и други можности**

## *VAC Developments Ltd careers*

*Warehouse Associate - Packing/Shipping/Receiving*
Oakville, ON • Full-time

*Sheet Metal Mechanic- Fabrication - Day Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Sheet Metal Mechanic - Machining/Fabrication Shop- Afternoon Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Planner Production - Machining/Fabrication Shop*
Oakville, ON • Full-time

*Manual Machinist*
Oakville, ON • Full-time

*Estimator Machining/Fabrication Shop*
Oakville, ON • Full-time

*Deburring Grinding Technician - Afternoon Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Deburrer Grinding Technician - Day Shift*
Oakville, ON • Full-time

*CNC Machinist - Day Shift*
Oakville, ON • Full-time

*CNC Machinist - Afternoon Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Assembler Part Markers -Aerospace*
Oakville, ON • Full-time






# ОРГАНИЗАЦИЈАТА ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ ВО КАНАДА ВО ЧЕСТ НА 152-ОТ РОДЕНДЕН НА АПОСТОЛОТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ











Торонто - 3 февруари, 2024-та година. По повод сто педесет и вториот роденден на македонскиот современ апостол, Гоце Делчев, Организацијата Обединети Македонци во Канада по 51-ви пат ја одджа својата традиционална Гоцева – комитска вечер. Свечениот банкет се оддржа во големата сала при македонската православна црква “Свети Климент Охридски“ во Торонто. Богатата културно-уметничка програма ја водеше Никола Делов, додека



вечерата беше благословена од повеќемина свештеници на македонските православни цркви.

Прв говорник беше претседателот на организацијата Драги Стојковски, кој ги охрабри присутните „да го пренесуваат македонството на следните генерации преку нивно вклучување на ваквите македонски родољубиви настани,“ и потребата од чествување на македонските јунаци од подалечното и поблиско минато. Потоа Стојковски, претставувајќи ја почесната гостинка Мелиса Лантсман, пратеничка во канадското Собрание и која е од еврејско потекло, зборуваше за историските врски помеѓу Македонците и Евреите.

Пратеничката Мелиса се заблагодари на прекрасниот прием и искажа надеж дека на следните избори ќе победи конзервативната партија на чело со Пијер Полиевр и ќе не‘ поддржат нас, Македонците, во борбата против имеменувачите. Пратеничката додели Признаница во чест на 51-та Гоцева – комитска вечер.

Гостите ги поздрави и Ден Меисин, канадски Македонец, кој за следните избори планира да се кандидира како дел од конзервативната партија.







Младите членови на играорната група „Македонка“ имаа се претставија со македонското оро „Калајџиско“.

Во забавниот дел на Гоцевата – комитска вечер настапи Соња и Оливер Бенд по чијашто замисла се одржа концертот на македонски родољубиви песни во исполнение на следните музички уметници: Соња Лозановска, Жаклина Маркоска, Ашли Клашов, Крис Клашов, Драганчо Коминовски, Менде Куновски, Стив Штуревски и Душко Петкоски. Присутните имаа можност да ги чујат посебните изведби на „Земјо македонска“, „Налеј налеј“, „Ој Вардаре македонски“, „Оган да го гори“, „Ми заплакало селото Ваташа“, „Заветна“, „Земјо моја“ и други македонски родољубиви рефрени.







Приложените слики се од Зоран Карапанчев.

# ДОСТОИНСТВЕНО ПРОСЛАВЕНИ КОЛЕДЕ, БОЖИК, ВАСИЛИЦА И ВОДИЦИ И ВО ЦРКВАТА СВЕТА НЕДЕЛА





Нека ве грее огнот на срећата, нека душата ви биде исполнета со топлина, срцето со милост, очите со светлина. Нека радоста ве води, Христос се роди!- Вака гласеше една од честитките упатени од црквата Света Неела Во Ејџекс, црква која од ден во ден се' повеќе изненадува во своите организациски потфати.

Религиозниот и социјалниот живот се надополнуваат под еден покрив, по светите литургии се одржуваат седенки, собири, ручеци и прослава на македонските православни празници.







Годинава отпочна со коледарскиот оган по повод ПРАЗНИКОТ Коледе, ден кога се собраа во црковните дворови бројни верници, а потоа и банкетната сала каде што женската секција послужуваше костени и други посни производи кои се дел од нашата традиција.

За Божик, денот на Христовото Раѓање се одржа празнична литургија раководена од отец Александар Зашов. Потоа во воочливо бајковит амбиент во банкетната сала вредните раце на црковната управа создадоа вистинско новогодишно волшепство.







Изникнаа божикни куќарки, накитени елки и преполно подароци, под кои Дедо Мраз ги даруваше младите Македончиња.

По повод Македонската Нова Година - Василица, управниот одбор на македонската православна црква Света Недела од Ејџекс, Онтарио, Канада со претседателот Славе Бунтески упати најсрдечни честитки до сите парохијани и Македонци ширум светот.







Во организација на женската секција и претседателката Милица Попоска беше одржана прослава на Василица со свечен ручек и весела македонска музика излеана од инструментите и гласовите на Христо Георгиев Ице и Васко Петровски.

На 18 јануари се прославуваше ВОДОКРСТ,на 19 јануари - БОГОЈАВЛЕНИЕ - Водици, на 20 јануари беше Соборот на св. Јован Крстител, а на 21 јануари св. Григориј Охридски, за сите празници беа одржани Свети Литургии.



По завршувањето на литургјата, се оддржа традиционалното лицитирање на иконите.

По тоа, во дворот на црквата се изврши голем Богојавленски водосвет и за децата до 12 годишна возраст беше положен Светиот Крст. Најсреќна да го фати крстот беше Лена Зашова.

За многу години!

**ЖЕНСКАТА СЕКЦИЈА ВЕ ПОКАНУВА НА ПРОСЛАВА НА 8-МИ МАРТ, МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЖЕНАТА**

**Билетите се пуштени во продажба за нашиот ручек за одбележување на Меѓународниот ден на жената организиран од женската секција на МПЦ Света Недела во Ејџекс!**

**Што да очекувате? Го имаме неверојатниот и талентиран музичар Христо Георгиев-Ице кој ќе ве забавува со прекрасни македонски хитови, вкусна храна подготвена од шефот Марија и нејзиниот тим и богата Лотарија! Ова не е само женски настан - сите се добредојдени.**

**Билетите чинат 50 долари за возрасни и 20 долари за деца и вклучен е вкусниот ручек.**

**Јавете се кај Милица на (647)531-2117 за да ја обезбедите вашата резервација!**




## ПЕНЗИОНЕРСКОТО ДРУШТВО „CANADIAN MACEDONIAN SENIORS„ ПРИ МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СВЕТА НЕДЕЛА, ОД ЕЈЏЕКС ВЕ ПОКАНУВА НА ПЕНЗИОНЕРСКИ РУЧЕК СЕКОЈ ВТОРНИК



Почитувани Македонци во зрелото доба, повелете зачленете се во нашето новоформирано друштво, заедно да поминеме квалитетни и со дружба исполнети средби.

Секој вторник имаме свежо подготвен македонски ручек од нашата кујна под раководство на шефицата Марија Ангелевска која е високо ценета како врна готвачка во нашата македонска заедница. Со благослов на отец Александар Зашов, поддршка на претседателот на црковната управа Славе Бунтески,



како и на женската секција со Милица Попоска, претседателот на пензионерското друштво Славе Темелковски ве поздравува и кани сите да дојдете.

Повелете да другаруваме и да се насладуваме на вкусните ручеци и домаќинските македонски разговори во црквата Света Недела во Ејџекс.

**St. Nedela, Macedonian Orthodox Church Ajax, Ontario, Canada.**
**Address: 485 Bayly St W, Ajax, ON L1S 6M7**
**Phone: (905) 426-5355**
























**Повелете на редовниот ручек што го организира пензионерското друштво "Canadian Macedonian Seniors " МПЦ Св. Недела, Еџекс.**
**Ден: ВТОРНИК**
**Време: 12 часот**
**Место: Во салата на Св.Недела.**
**Поканети сте сите.**

**Welcome to the regular lunch organized by the senior's club "Canadian Macedonian Seniors" MOC Sveta Nedela, Ajax.**
**Date: TUESDAY**
**Time: 12 PM**
**Place: In the hall of St. Nedela.**
**You are all invited.**

ST. ILIJA
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH
СВ. ИЛИЈА
МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

1775 BRISTOL ROAD WEST
MISSISSAUGA ON L5M 2V5
PHONE: 905-821-8050
WEB: WWW.ST-ILIJA.CA

PARISH PRIEST:
O. BLAGOJ PENEV
289-885-43347
FATHERBLAGOJ@ST-ILIJA.CA



# ДОЧЕКОТ НА СТАРА НОВА ГОДИНА ВАСИЛИЦА-СВ. ИЛИЈА, МИСИСАГА

Над 850 Македонци и наши пријатели присуствуваа на прославата на Македонската Стара Нова Година, Василица која традиционално ја организира Македонската Православна Црква Свети Илија од Мисисага.

Истата се одржа во ,,Мисисага Конвеншн Центар,, во градот Мисисага, Онтарио, Канада, а главен гостин во забавниот дел на програмата беше популарниот фолк пејач од Македонија, Спасен Силјановски.

Придружуван од извонредниот оркестар ,,Балкан Енетертејнмент,, со своите родољубиви песни и широк спектар на македонски народни песни Силјановски придонесе оваа вечер да се памти долго помеѓу нашинците во Канада.

Вечерта беше отворена со настапите на неколкуте групи на Фолклорниот Ансамбл ,,Илинден,, од црквата домаќин кого го раководи Ненад Попоски, а зад богатите кореографии, меѓу кои и на ,,Повардарие,, која беше премиерно изведена на стојат Орхидеа Радевски и Ивица Анастасов.





Василица е празник во чест на Старата Нова Година, ден на Свети Василиј Велики –Обрезание Господово и по тој повод беа благословени празничните лебови, виното и пченицата од страна на свештените отци Илија Донев, Благој Пенев и Александар Тодоровски.

Претседателот на црковната управа Васко Нedановски посакувајќи им срдечено добредојде на присутните во име на црковниот управен одбор на повеќемина заслужници за работата на црквата врачи специјални празнични статуетки, а присутни на прославата беа: Благој и Дајана Кожовски, Тодорка Мачковска со нејзиниот син Џани и Крсте Ивановски со сопругата Гордана.

Од сцената се обратија и неколкумина политичари кои ја поздравија Македонската Православна Нова Година упатувајќи најубави желби до црковната управа и македонскиот народ и тоа:

Dan Muys, Member of Parliament for Flamborough—Glanbrook Brad Butt, Councillor Ward 11, Mississauga Joe Horneck, Councillor Ward 6, Mississauga.




Како и секоја година по повод Василица беше лицитирано печеното прасе, кое е и симбол за богатата храна по божикните пости со години принесувано на македонските трпези. Истото беше подарено од Маркос Бејкери, го откупи Благој Кожовски, а средствата од откупот беа подарени на црквата Свети Илија. И новогодишната лотарија беше ,,фифти фифти,,, односно половина од средствата од продадената лотарија се за добробит на црквата Свети Илија.

Исто така, интересно е што токму на овој празник, во текот на новогодишната ноќ се продаваа и мазничиња, а само во едно од нив имаше златна паричка која подоцна беше врачена на среќниот добитник. Златната пара и Photo Booth беше донација од Џорџ Јошевски.



LEADER OF THE OPPOSITION CHEF DE L'OPPOSITION

January 13, 2023

Dear friends,

On behalf of Canada's common sense Conservatives, I am pleased To offer my best wishes to the St. Ilija Macedonian Orthodox Church as you welcome the new year! This time of year is always full of incredible joy, and events like this bring people together in a spirit of hope and fellowship. As we usher in the new year, we celebrate God's blessings and take comfort in his steadfast faithfulness. Together, we look to the future with a spirit of optimism and gratitude.

For families across the GTA and, indeed, our entire country, this message of hope is needed more than ever. The truth is that life costs more, and work doesn't pay like it used to. Workers are losing more and more of their paycheques to taxes and clawbacks. Record numbers of people are turning to food banks just to get by.

But thankfully, organizations like yours have been fighting against this chaos and division. Despite the challenges we face, you have worked to lift up our country in prayer and unite Canadians through positive celebrations that bring people together. All the while, you have drawn on the powerful strength of your faith, spreading hope and light to millions of Orthodox Christians who live in fear of persecution in other parts of the world.

As we look to the year ahead, Conservatives are working to bring home the Canada we know and love – a country that works for those who've done the work. A country where everyone who works hard can bring home a good living and a great life. Together, we will restore the incredible promise of Canada and ensure that it remains a safe haven for Canadians to work, live and worship in peace and security.

I sincerely thank everyone at the St. Ilija Macedonian Orthodox Church for organizing this event and for all you do on behalf of the Orthodox Christian community and, indeed, for all Canadians. I wish you all the best as you close off this year and look ahead with renewed hope for the new year ahead.

Sincerely,

The Hon. Pierre Poilievre, P.C., M.P.
Leader of His Majesty's Loyal Opposition and Leader of the Conservative Party of Canada

HOUSE OF COMMONS, OTTAWA, ONTARIO K1A 0A6
CHAMBRE DES COMMUNES, OTTAWA (ONTARIO) K1A 0A6



Програмата ја водеа младите играорци од ,,Илинден,, Јована Радевски и Иван Точковски.

Ви прикажуваме фотографии од прославата.



# VASILICA 2024 GALA - ST. ILIJA MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH - MISSISSAUGA, ON

On Saturday January 13, 2024, over 850 Macedonians, Friends and Community Leaders attended the celebration of the Macedonian Old New Year "Vasilica" which has been an annual tradition organized by St. Ilija Macedonian Orthodox Church in Mississauga. This year's gala was held at the Mississauga Convention Centre. The evening was highlighted by a musical performance by Spasen Siljanoski, one the biggest Macedonian Folk Singers in the world. Spasen was accompanied by Balkan Entertainment whose musical accompaniment provided an unforgettable experience for all who attended.

The gala was kicked off by our Masters of Ceremonies Jovana Radevska (Macedonian) and Ivan Tochkovski (English). The program began with performances from the church's Folk Ensemble "Ilinden" led by President Nenad Poposki and Choreographer Ohridea Radevski and featured the Junior Group, Transitional Group and the Senior Group. The Senior Group premiered their rendition of "Povedarie".

Vasilica, a holiday which is in honour St. Vasili Veliki and commemorates the start of the Julian Calendar year as observed by the Macedonian Orthodox Church. This year, we saw the blessing of the Bread and Wine by Father Blagoj Penev, Father Ilija Donev and Father Aleksandar Todorovski. Vasko Nedanovski, President of the St. Ilija Church Board of Directors extended a warm welcome on behalf of the church and presented awards of recognition to three distinguished members of community for their significant contributions to St. Ilija. Awards were presented to Kozovski Family Dentistry, Todorka Mackovska accompanied by her son Johnny, and Krste and Gordana Ivanovski.

Several policiticans including Mr. Dan Muys, Member of Parliament for Flamborough-Glanbrook, Brad Butt, Councillor Ward 11 Mississauga and Joe Horneck, Councillor Ward 6 Mississauga also delivered greets to mark the Macedonian Orthodox New Year and extended their wishes to the Church Administration and the Macedonian Community.



Each year as per St. Ilija's custom a roasted pig (which was generously donated by Marco's Bakery) was auctioned. This year, the pig was purchased by Dr. Blagoj Kozovski with the proceed being directly donated to St. Ilija. This year a 50/50 draw was held with half of the proceeds going directly to the church. This year's lucky winner was Filip Pavlovski who won $1,875. As per St. Ilija's tradition, "Zelnici" were sold to the guests with a lucky winner receiving a gold coin. The gold coin along with the photo booth were donated this year by Mr. George Josevski.

On behalf of the St. Ilija Board of Directors, we thank all who attended this year's event! We were proud to host the largest gala in North America outside of the convention this year.



















## THANK YOU TO OUR SPONSORS FOR VASILICA 2024





































## КОЛЕДЕ, БОЖИК И ВОДИЦИ ВО ЦРКВАТА СВЕТИ ИЛИЈА







На 5-ти јануари во чест на празникот Коледе, младите дечиња од неделното училиште учествуваа во Божикниот концерт во црквата Свети Илија.
Традиционалното палење на коледарскиот оган, костенчињата и топлата насмевка беа дел од предбожикната атмосфера.
По повод Божик, Христовото раѓање на 7-ми јануари се одржа света божествена литургија со која раководеше отец Благој Пенев, а веднаш по неа, а во организација на женската





секција од црквата беше организирана средба со дедо Мраз. Претседателката Весна Трајковска со нејзините соработнички изрази огромна благодарност до V&V и Mondelez International за нивната несебична подршка и донација за дечињата.
По повод празникот Богојавление, Водици, во црквата Свети Илија во Мисисага по божествената литургија на 21 јануари се одржа симболичното фрлање на светиот крст во осветените води. Во базен поставен во преддворјето на црквата младите Македончиња ентузијастички се натпреваруваа кој ќе го фати крстот и ја носи таа почесна титула оваа година.Среќата му се насмевна на младиот Андреј Пенев.По овој чин следуваше лицитација на осветените икони, настан кој преидизвика огромен интерес кај присутните.
Бог се јави!



Управата на црквата свети Илија од Мисисага со благослов на свештеникот Благој Пенев на долгогодишниот помошник во олтарот Трифко Георгиевски по повод неговите 25 успешни години неуморна работа му врачи подароци.Имено, се работи за благодарница, како и рачен часовник.
Му честитаме и посакуваме добро здравје.



### НОВИ НОСИИ ЗА ЧЛЕНКИТЕ НА „РИВЕР САЈД„

Нови македонски носии инспирирани од нашето етно наследство беа скроени и сошиени деновиве за членките на пензионерското друштво Ривер Сајд, а воедно членки и на женската секција на црквата.Тие овие нови креации ќе ги носат во посебни моменти кога се прославуваат празници и важни настани во црквата.Сите заинтересирани може да им се придружат и да ја збогатат оваа етно група.




Благодарност до тимот што го организираше банкетот за 8-ми Март:
Весна Трајковски, Елизабета Крстевска, Бисерка Несторовска и Весна Гроздановски,
како и до Крис Кожовски кој го водеше плаќањето преку Е-трансфер.
Сите вие залужувате едно големо БРАВО! - Женска Секција.

**Салата при црквата св. Илија во Мисисага се изнајмува за организирање на:**
приватни забави, крштевки, веридби,
погреби и други настани.
Освен просторот, црквата нуди и комплетно мени со јадења за гостите.
Капацитет: 150 луѓе



За повеќе информации јавете се кај:
**Горнан 647-710-3836**
**Бисерка 416-319-4949**




# МАКЕДОНСКАТА СТАРА НОВА ГОДИНА ВАСИЛИЦА ,ЗА СВ. ДИМИТРИЈА СОЛУНСКИ ОД МАРКАМ БЕШЕ ПОВЕЌЕ ОД УСПЕШНА

По традиција една од најпосетените манифестации во чест на Македонската православна Стара Нова Година и годинава беше прославата на Василица во Градот Маркам, која ја организира Македонската Православна Црква Свети Димитрија Солунски.

На 13-ти јануари, над 800 гости беа присутни во прекрасната ,,Кристал Фоунтајн,, банкетна сала која беше премала да ги собере сите гости. Незапаметен интерес, одлично новогодишно мени, музика со извонредни професионалци како што се ,,Децата од Буф,, со познатата интерпретаторка од Македонија, шармантаната Анета Арсовска.

Сето тоа придонесе за незапаметена атмосфера, задоволство и кај присутните и кај организаторот , црковната управа од Свети Димитрија Солунски.

На свечената прослава свои празнични настапи имаа Фолклорниот Ансамбл,, Здравец,, од Црквата Свети Димитрија Солунски од Маркам, составен од повозрасни играорци, како и КУД ,,Биљана,, исто



така од црквата домаќин, под кореографската палка на Давид Тасевски, кои изведоа познати македонски фолклорни сплетови.



Со своето присуство покрај членовите на црковниот управен одбор и на управата предводени од претседателот Диме Малаковски, присуствуваа и парохискиот свештеник отец Горан Ристески, како и поранешниот парохиски свештеник во оваа црква Трајко Босеовски.



Василица не може да се замисли без мазникот со паричка,и тоа златна, а истата беше порадена од семејството на претседателот на црквата Диме Малаковски. Среќата да ја добие му се насмевна на семејството на Фанче и Петер Петкоски кои не ја криеја радоста што токму нивното семејство го доби овој редок новогодишен подарок..



Претседателот на црквата Свети Димитрија Солунски од Маркам, Диме Малаковски им се заблагодарува на сите присутни на банкетот, посакувајќи им среќна и весела Македонска Стара Нова Година, Василица, добро здравје и успех на секое поле.

И следниот ден, недела, првиоден од новата година според нашиот православен календар во банкетната сала на црквата Свети Димитрија Солунски во Маркам беше весело, се оджа прослава со музички уметници гостинката Анета Арсовска од Македонија и музичкиот уметник кој живее и работи во Канада, Љупчо Тупаноски.








# Macedonian Cooking with Sue Eastwood








**Feb 14th is Valentine's Day in Canada but did you know that in Macedonia this date has a different and more important significance?**
**In Orthodox cultures, Saint Trifun , the patron saint of wineries , grapes and all by products like rakia, is well observed. Saint Trifun lived in the third century. In observance of Sveti Trifun, priests bless the branches of a vine plant to bless the new grape growing season. After the celebration, it is common to enjoy a wonderful meal with lots of wine and music.**



One of the biggest and most important winemaking facilities in Southeast Europe is the Tikves Winery in Macedonia. Founded 130 years ago, today the three bottling lines process 10,000 bottles of wine and 5,000 bottles of spirits per hour. Tikves is distributed all over the world. Located along the Vardar River Valley in Macedonia, the wine that is produced there is well respected by wine lovers in the know everywhere.
I made a trip to visit the winery, tour the facility, sample the wine along with deliciously prepare food by the executive chef. Below I am seated in the cellars located below ground, in a grand old tasting room.



## The cellars at Tikves
.

There are now many wineries in Macedonia, I have visited most of them and am continually impressed with the not only the quality of the product, but also of the knowledge and passion of the staff. If you want to try fine dining Macedonian style paired with a wonderful tasting experience that includes wine, add visits to wineries on your next trip to Macedonia like I did. In fact, plan your trip around it.

## Topla Rakia:

**Topla Makedonska rakia prepared the way my mom taught Rob using the small ghezve ( he added sugar and water) :**

I had the flu, so I reminded Rob that rakia is also traditionally used as medicine in our culture. I barely finished the sentence and he disappeared, like a superhero, he returned all proud There is truth in the remedies of our elders. I did feel much better. I mean , who wouldn't ? There are several ways to prepare the rakia. Several people told me to not dilute the rakia, to warm it up along with the juice of half a lemon and sweetened with honey. I found this method very good.
My mother would prepare it by diluting three shots of rakia with two shots of water and then adding 1 teaspoon of sugar to it and heat together. Others first melt the sugar in the ghezve and then add the liquid. This method is an all-purpose good way to enjoy topla rakia.



## Chocolate covered strawberries for Valentines Day

I love creating and enjoying my own chocolate covered strawberries for Valentines Day. This is also a fun project to do with your kids and have them help. For the adults, serve your beautiful strawberries with a glass of champagne. It goes very well together.



To prepare, melt bakers chocolate on a double boiler (simmering water in one pot with another pot over it that is melting the chocolate). I also melt white chocolate, as well as shaved white chocolate. I place some of the melted chocolate in a piping device (I use a sandwich bag and snip the corner off to pipe the chocolate out). These options will give you a variety of ways to decorate the strawberries.

**Note- I dip half the strawberry in the chocolate and then only decorate the top part that you see. Trust me, this makes life easier. I place the decorated strawberry on a wax paper that is covering a tray, so that I can easily pop it all in the fridge after to set.**




WORKPLACE SAFETY
RMG
rmgconsulting.ca
Owners Robert Gill and Sue Eastwood
RMG are official IHSA COR external auditors. Our team of safety professionals can conduct your COR External Audit. Additionally, we can manage your safety program and assist in preparing your company for internal and external audits.
COR
IHSA.ca
Work Safe for Life
We are a premier boutique provider of occupational health and safety services.
We are approved by the Ministry of Labour, Immigration, Training and Skills Development to deliver Working at Heights and Working at Heights Refresher Training as well as Joint Health and Safety Committee Certification (JHSC-Part 1/Part 2/Refresher). We provide site safety inspections, consulting, administrative and management support. We offer all kinds of OHS training at our exclusive 4500 square foot training center located in Vaughan.
For more information
CALL OUR TEAM
905 761 9030
www.rmgconsulting.ca | sue@rmgconsulting.ca




## ЦРКВАТА СВЕТИ НИКОЛА ГИ ПРОСЛАВИ ГОЛЕМИТЕ ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИЦИ СО ОСОБЕНА РАДОСТ И СО МНОГУБРОЈНО ПРИСУСТВО НА НАШИТЕ ЧЛЕНОВИ








Нашата Црква Свети Никола ги прослави големите христијански празници со особена радост и со многубројно присуство на нашите членови – верници за време на богослужбите. Бадник и Божик ги прославивме според традицијата во нашата Македонска Православна Црква. На Коледе имавме коледарски оган и се осветија и делја бадникови гранчиња.
Особено за свечената Литургија за Рождеството Христово – Божик нашата заедница ја покажа својата сила со присуството на голем број верници, млади и повозрасни. По службата децата од Црковното неделно училиште испеаја божикни песни. Потоа го прославивме празникот Обрезание Христово, односно Василица.
На Вечерната празнична богослужба традиционално се поделија василичарските пити и оваа година златникот се падна во Сузана Стојковска. Понатаму литургиски се прослави и Крштението Господово – Водици со служење на Голем богојавленски водосвет. Кумови за Водици оваа година беа Слаѓана и Аце Савески, а за догодина се пријавија Магдалена и Никола Рувинови. Господ да ги благослови со добрини, нив и целата наша заедница! Во Неделата по Водици, по Литургијата имавме Лицитација – дарување на иконите и Литија до салата кадешто се потопи Чесниот крст во осветените води.
Од присутните деца коишто се натпреваруваа да го фатат Крстот, најбрз беше Дамјан Џурович.За прв пат оваа година се лицитираше Светиот Крст којшто го зеде Милица Апостоловски. Во продолжение следуваше свечен ручек по повод празникот.



**На сите наши Македонски Цркви со нивните заедници, нека се за многу долги и благословени години, овие Празници!**














# MULTICULTURAL TRADITIONAL FOLK DANCES FOLKLORE FESTIVAL - ST. NICHOLAS MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH, WINDSOR

In a spectacular showcase of unity and cultural richness, Windsor, ON, witnessed an extraordinary celebration on February 3, 2024, as the "St. Nicholas" Macedonian Orthodox Church led by their dance groups “Gerdan” and “Gerdan Junior” hosted the church’s first-ever Folk Festival. This vibrant event, enhanced with the captivating rhythms of over 200 dancers, featured dynamic dance groups from a multitude of backgrounds, including Macedonian, Slovak, Chinese, Serbian, Ukrainian, Irish, Indian, Ghanaian, Antiochian, and Scottish.

The festival's dance floor transformed into a dynamic mosaic of traditions, as each performance unfolded a unique narrative of cultural heritage. The Macedonian dancers, who opened and closed the program, adorned in traditional attire, brought the heart and soul of the Balkans to the festival. Their performances were a spirited display of Oro dances, each step echoing the centuries-old traditions and folklore of Macedonia. The program was enriched with the lively and spirited movements of the Slovaks, the elegance of the Chinese dancers, the energetic beats of the Ghanaian drums, the vigor of the Serbian traditional Kolo dances, and the fluidity of the Ukrainian Hopak. The Indian performers transported onlookers to the colorful realms of traditional Indian music, whereas the Antiochian participants showcased the rich cultural tapestry of the Middle East through their vibrant and rhythmic performances. The Irish and the Scottish added a Celtic touch to the event with their reels and jigs, making this event an extraordinary celebration of the world's diverse folk traditions in one place. A special mention should be given to the Macedonian singing group “Serenada” who greeted the guests at the beginning of the event setting a captivating tone for the entire program, as well as during the intermission adding a delightful musical interlude, enhancing the overall experience of the festival. In addition, a prominent recognition should be given to the Macedonian dance group “KUD Tanec” who travelled from Sterling Hights, Michigan to support their fellow Macedonians and to be a part of this spectacular event. Lastly, a notable acknowledgment should be given to the local Macedonian band Yu-Forija who with their vibrant tunes concluded the night with a dance party.



The success of this multicultural extravaganza could be seen though the numbers. In addition to the high number of dancers and diverse dance groups performing, this event saw an impressive turnout, with a robust attendance of over 700 guests. The guests ranged in age as well as ethnic background making the event a true cross-cultural fiesta. Impressive also was the number of volunteers who dedicated all of their Saturday to making sure the event was a great success. Over 100 volunteers were carefully assigned to cover all necessary roles and responsibilities during the event ensuring the seamless orchestration of this kaleidoscopic celebration. An honorable mention and special thanks need to be extended to the sponsors, over 40 local businesses and private individuals, who donated generously in cash or gifts and supported this event. Without their contributions, this festival would not have been possible.

The Folk Festival is poised to become an annual tradition, serving as a beacon of unity and a celebration of different cultural identities. Beyond the glittering costumes and rhythmic performances, the Folk Fest will signify a shared commitment to understanding, appreciating, and preserving the rich cultural heritages of all ethnic communities in Windsor-Essex.

In the years ahead, the echoes of this inaugural festival, hosted by the Macedonian church, will resonate as a reminder of the harmonious dance between cultures that unfolded on that February night. The Folk Festival stands not just as an event but as a living testament to the power of diversity, unity, and the indomitable spirit of community collaboration, with the Macedonian heritage proudly leading the way.

Dobrila Cukarski













































# EMA NIKOLOVSKA, MEZZO-SOPRANO

**Upcoming Performances:**



## CANADIAN OPERA COMPANY - COC, TORONTO, ONTARIO

Four Seasons Centre for the Performing Arts

**Leoš Janáček: "The Cunning Little Vixen"**

**January 26, 28 &**
**February 3, 8, 10, 14, 16, 2024**

Details & Tickets:
www.coc.ca/productions/24401

## KOERNER HALL, TORONTO,ON

**Recital**

**Ema Nikolovska, mezzo-soprano,**
with Charles Richard-Hamelin, piano

**Sunday, March 24, 2024 at 3:00 PM**

**Details & Tickets:**
**www.rcmusic.com/events-and-performances/ema-nikolovska-and-charles-richard-hamelin**



**Also in recital:**

Kansas City, Missouri, US - March 06
Berkeley, California, US - March 10
Vancouver, CA - March 17
Montreal, CA - March 20
New York, New York, US - March 28
Ottawa, CA - April 02
London, CA - April 14

MAK General Contracting Inc.

416-991-0969
INFO@MAKGENERALCONTRACTING.COM

DRYWALL
FLOORING
PAINTING
TILING
PLUMBING
ELECTRICAL
DEMOLITION
ESCAVATION
DISPOSAL
CONCRETE
EXTERIOR
LANDSCAPING
FENCES
DECKS
TRIMS & MOULDINGS
DOORS & WINDOWS

COMMERCIAL RENOVATION
RESIDENTIAL RENOVATION
INDUSTRIAL RENOVATION
PROPERTY MAINTAINENCE



# ЗА РАЗРУШУВАЊЕТО НА ЕРУСАЛИМСКИОТ ХРАМ, СВРШЕТОКОТ НА СВЕТОТ, ВТОРОТО ХРИСТОВО ДОАЃАЊЕ И ВЕЧНИОТ ЖИВОТ

**Пишува и уредува:**
**прота-ставрофор**
**ИЛИЈА ДОНЕВ:**
**416. 898 – 0496**
**ilijadonev@gmail.com**
**FB Ilija Donev**



**Прв дел**

Како во минатото така и денес често се поставува прашањето: Што е човекот, како постанал и каде оди? Со мали исклучоци кај мнозинството луѓе преовладува уверувањето дека овој свет не е се' што постои. Многу неправилности, криминали и злодела се случувале но и денес се случуваат, така што и голем број од истите остануваат неразјаснети и неказнети. Злосторства има над поединци но и над цели народи. Сведоци сме за актуелните војни но и многу други во минатото. Која е причината за сето тоа? Одговорот е следното: единствената причина е човечкот. Така, додека едни предизвикуваат страдања други трпат страдања. И покрај технологијата со која располагаат денес државните системи многу од злоделата останале неразјаснети. Затоа се прашуваме: дали злосторниците некогаш ќе одговараат, и пред кого? Познатиот германски филозоф, од 18-от век Емануел Кант, инаку подржувач на материјалистичкиот поглед на светот, во една прилика рекол: Може да се надеваме дека нашите души се бесмртни и дека навистина постои Бог Кој го дизајнирал светот во согласност со принципите на правдата. Правдата сигурно ќе биде задоволена ако не сега тогаш на идниот свет. Кој е тој другиот свет? Тоа е оној свет, духовниот, задгробниот, за кој не' учи Светата Црква преку Светото Писмо - Библијата. Тоа е животот после телесната смрт. Најпрво Бог ќе се јави како Судија,а потоа ќе настапи вечниот живот.

Кога ќе се спомне животот после смртта, што неминовно ќе дојде, мнозина пројавуваат посебен интерес. Некои прашуваат од загриженост, некои од љубопитност, но има и такви кои априори отфрлаат секаква дискусија на таа тема. Таквите велат - нема друг свет и нема друг живот, освен овој на земјата.

Сите религии не се исти. Тие се разликуваат по нивното учење. Но, колку и да се различни, сепак сите се согласни во тоа дека – животот на човекот не завршува со телесната смрт, туку човекот вечно ќе живее во друг живот. Секоја религија има свој поглед и учење за задгробниот живот, но и покрај разликите, согласни се дека – пред да настапи вечниот живот ќе се случи свршетокот на светот, односно дека овој свет што ние го знаеме како убав и привлечен, ќе биде уништен и ќе настапи ново време и нов живот. Како ќе се случи тоа и кога, никој од луѓето тоа нити го знае па ниту може да претпостави. Но, причината за свршетокот на светот, пак е – човекот. Зошто? Поради слабата вера и распространетоста на гревот.. Целото учење околу последните настани и животот после смртта Православната Црква го црпи од Светото Писмо, особено светите Евангелија. Така, во Евангелието според Матеј глава 24 и 25 Господ Христос јасно говори за Неговиот крај и за завршетокот на светот. На оваа тема зборуваат и Евангелистите Марко во 13 –та глава и Лука во 21 –та глава.

Но, освен Евангелието верувањето за свршетокот на светот го исповедуваме и во Символот на верата. (Види: член 6,11 и 12) каде читаме: "Кој пак ќе дојде да им суди на живите и на мртвите и Неговот царство не ќе има крај"; потоа, "Го чекам воскресението на мртвите; И животот во идниот век. Амин". Исто така во молитвата "Оче наш" читаме: "Да дојде Царството Твое". Предходниве стихови зборуваат за вечниот живот кој што ќе настапи после Христовото второ доаѓање. Всушност, во Символот на верата најкратко е изложено целото ушење на Црквата, а молитвата "Оче наш" е најдобар молитвен образец. Доколку некој не верува во постоењето на задгробниот живот тогаш безвредно е читањето на "Символот на верата", како и читањето на молитвата "Оче наш".

Светиот апостол Павле во Првото послание до Солуњаните (14 – 17) вели: "Оти, ако веруваме дека Исус умре и воскресна, тоа и упокоените во Исуса Бог ќе ги приведе со Него. Ова, пак, ви го велиме преку словото Господово, дека ние живите, што ќе останеме до доаѓањето на Господа, нема да ги испревариме умрените, бидејќи Сам Господ, со заповед, при глас на архангел и при труба Божја, ќе слегне од небото, и најнапред ќе вокреснат мртвите; а потоа, ние, што сме останале живи, заедно со нив ќе бидеме грабнати на облаците, за да се сретнеме со Господа во воздухот, и така секогаш ќе бидеме со Господа.

### Разрушување на ерусалимскиот храм

Евангелистот Матеј во 24 глава најпрво зборува за разрушувањето на ерусалимскиот храм. Треба да се знае ерусалимскиот храм претставувал чудо на вселената. Планот и димензиите биле определени од Бога. Бил збогатен со многу благородни метали – злато, сребро и други уметнички вредности. Бил поставен во центарот на Ерусалим и зафаќал голем простор. Бил гордост на еврејскиот нарот. Тие често знаеле да кажат: Оној кој не го видел храмот, не знае што е убавина. Храмот со својата раскошност претставувал архитектонско чудо. Христос често доаѓал во храмот. Непосредно пред страдањето Он бил во храмот. Откако излегол, заедно со учениците, се упатил на спротивната страна од градот кон Елеонската Гора. (И денес ако отидете во Ерусалим и упатите поглед од Елеонската Гора кон градот, ќе се воодушевите од прекрасната глетка. Оттаму, од Маслиновата Гора, е најубавиот поглед кон Ерусалим. Оваа гора или градина сеуште постои. Таму има едно маслиново дрво за кое се верува дека е од Христовото време). Христос се свртел кон градот и тажен поглед упатил и кон храмот. Тоа го забележале апостолите и Му рекоа: "Учителе, гледај какви камења и какви згради" (Марко 13:1).

"А Исус им рече: Го гледате ли сето тоа? Вистина ви велам нема да остане тука камен на камен, а да не биде урнат" (Матеј 24: 2).

Тука Господ Христос дава конкретно пророштво што ќе се случи со храмот. Ова пророштво се исполнило точно така како што Христос прорече. Храмот бил разрушен во 70-тата година за време на римскиот император Тит, а царот Јулијан (Отпадник) во 361 година го довршил уривањето. Он тука зборува конкретноо за рушењето на храмот, но освен тоа, понатаму индиректно зборува и за настаните коишто ќе се случат отпосле.

"Кога седеше во Елеонската Гора, дојдоа при Него учениците Негови и Му рекоа: Кажи ни кога ќе биде тоа и каков ќе биде знакот на Твоето доаѓање и за свршетокот на светот?"

Христовите пророштва предизвикале загриженост кај апостолите па затоа Го прашале сакајќи да знаат кога ќе биде разрушувањето на храмот и свршетокот на светот. Зошто Го прашале и за свршетокот на светот? Затоа што Христос предходно им зборувал за Својот крај – крајот на Неговиот Богочовечки живот на земјата, за Неговите страдања, за смртта, за воскресението, за повторното Негово доаѓање и почувствувале дека ќе останат сами затоа посакале тоа Негово повторно доаѓање на земјата да биде што поскоро барем додека се тие живи. Исус им говори: "Вистина ви велам нема да помине овој народ , дури сето тоа не се збидне" (Марко 1:30). Временски гледано Христос им зборувал околу 33-та година од првиот век, а храмот бил разрушен во 70-та година. Тоа е време од четириесет години што значи ќе се случи релативно брзо. Па затоа им зборува за сите тешкотии и страдања за време на римската окупација. Но, од друга страна, Он упатува порака и до сите нас, денес, за страшните времиња што ќе се случат пред свршетокот на светот "... за сведоштво на сите народи; и тогаш ќе дојде крајот.(Матеј 24 15 – 22).

### Важноста на ерусалимскиот храм

Можеби некој ќе праша: Зошто разрушувањето на ерусалимскиот храм го поврзувам со Христовото страдање и со свршетокот на светот? Гледано во целина храмот за еврејскиот народ не бил само место за молитва, туку микрокосмос на вселената. Тука, на едно место, биле споени нивните религиозни и општествени активности. Така за Евреите храмот бил Катедрала, парламент, влада, суд, канцеларија на претседателот, но и на верските водачи и сл. Со еден збор за нив храмот бил се'. Тие повеќе го почитувале и повеќе се грижеле за храмот отколку за своите домови. Храмот бил изграден така што го симболизирал целиот создаден свет. Соломон го градел храмот на ист начин како што Бог го создал светот. Ако за нас денес храмот е микро пример на вселената, за евреите вселената била макро пример во храмот, односно тие целата вселена ја гледале во храмот. Ете од колку голема важност им бил храмот. Храмот имал три дела. Првиот, надворешниот дел, вториот внатрешен каде што влегувал народот и третиот, Светињата над светињите, каде што никој не влегувал освен првосвештеникот и тоа еднаш годишно. Најсветиот дел од храмот бил одвоен од народот (наосот) со убаво украсена завеса на која биле изобразени ѕвездички кои на храмот му давале вселенска димензија и значење. Во наосот, таму каде што стои народот, бил поставен свеќник со седум краци. На нив постојано гореле свеќи што потсетувале на Божјото присуство во храмот. (Можеме да кажеме дека светлината на кандилата во нашите храмови ја имаат истата симболика).

Симболиката била земена од светот. Светот се состои од небо, земја и вода па затоа на храмот му дале вселенско значење. Кога евреите влегувале во храмот имале чувство дека влегуваат во светот - во вселената. Затоа војниците на императорот Тит сакајќи да го понижат еврејскиот народ удриле по храмот. Губејќи го храмот евреите имале чувство како да им се срушил целиот свет. И, навистина, со рушењето на храмот за евреите завршил еден свет, еден начин на живеење, и започнува друг живот. Ова пророштво сликовито е изразено и при распнувањето на Христа на Голгота. "И веднаш се расцепи црковната завеса на два дела, од горниот крај до долниот..." (Матеј 27:51). Таа била завесата што го раздвојувала најсветиот дел од храмот со местото каде што луѓето стоеле на молитва.Пошироко гледано, овде поимот "храм" треба да се разбере во тројна смисла. Прво, храмот како објект, потоа како Тело Христово и, трето храмот што го претставува светот. Ако храмот во Ерусалим беше срушен, Христос беше распнат тоа значи и рушењето или уништувањето на целиот свет ќе се случи. Овие три настани имаат вселенско значење и на симболичен начин поврзани се еден со друг. Затоа Христос зборувајќи за разрушувањето на ерусалимскиот храм истовремено зборува за крајот на Неговиот земен живот, потоа за воскресението Негово, и за свршетокот на светот што ќе се случи пред Неговото Второ доаѓање. "Можам да го урнам Божјиот храм и за три дни да го соѕидам" (Матеј 26:61). Тука Он зборува за Себе: беше распнат, погребан и во третиот ден воскресна. Ако погледаме и денес храмовите се градени на ист начин. Имаме надворешен дел или притвор, па наос или брод, каде што престојуваат верниците на молитва и најсветиот дел - Светиот Олтар. За вистинскиот верник и денес храмот има вселенско или спасоносно значење т.е нов свет, нов живот – духовен. Храмот е врската помеѓу луѓето и Бога, помеѓу земјата и Небото. Храмот е местото каде се сретнуваме со Бога. Затоа и нашата почит кон храмот треба да има духовно и вселенско значење, а тоа не' обврзува да имаме почит и респект како СВЕТО МЕСТО, Божји дом The House of God. Оти почитувајќи го храмот ние изразуваме почит кон Бога.(Продолжува во следниот број)

*Печатењето на оваа страница е овозможено од доброчинителите Славе и Јулија Димитрови*


The largest Macedonian car fleet in Canada
COMSTOCK
Панде
Марко
If you don't see us we've both lost money
Comstock Auto Service Ltd
19652 ON-48, Mount Albert, ON L0G 1M0
(905) 473-5625
Најголемиот македонски автомобилски парк во Канада.
Јавете во COMSTOCK кај Панде и Марко Јадилебовски


ZORAN NICESKI
BROKER. SRS. ABR. RENE.
Over 25 Years of Selling Experience
RE/MAX
Seller Representative Specialist (SRS)
Accredited Buyer Representative (ABR)
Real Estate Negotiating Expert (RENE)
PROVEN Selling system to achieve highest price
100% successful transaction closings
Re/Max All Stars Realty Inc. Brokerage. T: 905.477.0011
416.726.1595
Direct
PROFESSIONAL Photography, Virtual Tours, Home Staging
www.niceski.com
FREE Home Evaluation
zrniceski@gmail.com
SERVING THE GTA & SURROUNDING AREAS
SRS
ABR
RENE
Real Estate Negotiation Expert
RE/MAX HALL of FAME AWARD 2006
RE/MAX LIFETIME ACHIEVEMENT AWARD 2022
PLATINUM AWARD CLUB 2023


MICHAEL GEORGIEV
Partner, VP of Construction & Real Estate
CONSTRUCTION, REAL ESTATE INSURANCE & BONDING EXPERT
michaelg@jdimi.com
647.501.2615
JONESDESLAURIERS
INSURANCE MANAGEMENT INC.
NAVACORD


MAK General Contracting
416 991 0969
INFO@MAKGENERALCONTRACTING.COM
COMMERCIAL
DRYWALL
FLOORING
PAINTING
TILING
PLUMBING
ELECTRICAL
DEMOLITION
EXCAVATION
DISPOSAL
CONCRETE
EXTERIOR
LANDSCAPING
FENCES
DECKS
TRIMS & MOULDING
DOORS AND WINDOWS
RESIDENTIAL
COMMERCIAL RENOVATION
RESIDENTIAL RENOVATION
INDUSTRIAL RENOVATION
PROPERTY MAINTENANCE

# Make the right choice, call our full service real estate team!



THENEDANTEAM

RENOVATE ■ LIST ■ SOLD

** NOT INTENDED TO SOLICIT BUYERS OR SELLERS UNDER CONTRACT

Vasko Nedanovski
Broker

RIGHT AT HOME REALTY BROKERAGE

647.333.9628

VASKO@NEDANREALESTATE.CA


















## ПРАВОСЛАВНИОТ ПРАЗНИК БОГОЈАВЛНИЕ – ВОДИЦИ ГО ОДБЕЛЕЖАА И МАКЕДОНЦИТЕ ВО ОБЛАСТА МАЛА ПРЕСПА



Македонците во областа Мала Преспа традиционално го одбележаа Православниот празник Богојавлние-Водици се собраа во селските цркви и после литургиите што ги одржаа свештениците Алексо Темелко и Ропи Аргири, според обичаите, со крстот украсен со босилок се упатија кон брегот на Преспанско Езеро каде се фрла крст во сите девет села.

Во Пустец, седиште на општината, по богослужбата што во црквата „Свети Атанасиј“ која се наоѓа на брегот на езерото, ја одржа отец Темелко, осветениот крст беше положен во езерските води а најсреќен беше Сотир Темелко, кој посака здравје, среќа и благосостојба за сите.

## МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ПОБАРА АЛБАНИЈА ДА ЈА ЗАБРАНИ РАБОТАТА НА ФОНДАЦИЈАТА БУГАРСКА МЕМОРИЈА

Македонска алијанса за европска интеграција – МАЕИ, партија, која ги претставува Македонците во Албанија, достави барање до албанскиот премиер Еди Рама, во кое ја повторува постојаната загриженост за македонската заедница во Албанија, која се соочува со постојаните напори на бугарските власти за нејзина асимилација, искористувајќи го членството на Бугарија во Европската унија. МАЕИ бара Албанија да ја забрани фондацијата Бугарска меморија.

„Бугарските власти користат различни средства и методи за да ја асимилираат македонската заедница во Албанија и да создадат непостоечка бугарска заедница. Забележителен пример е активноста на фондацијата Бугарска меморија и нејзиниот претседател Милен Врабевски од Бугарија. Поддржана од разни бугарски структури, оваа фондација корумпира албански функционери преку донации, со цел да ги асимилира Македонците во Албанија“, стои во дописот на МАЕИ.

Се додава дека оваа фондација постојано тврди и пишува дека ја има главната заслуга за започнување и организирање на целиот процес за признавање на бугарското малцинство во Албанија во 2017 година.

„Самиот овој факт зборува за вмешаноста на фондацијата во корупцијата на албанските власти. Со текот на годините, оваа фондација создаде мрежа во Албанија, инфилтрирајќи се во различни институции за да ја унапреди нивната агенда за асимилација на македонската заедница. Оваа мрежа, финансирана од фондацијата Бугарска меморија, е вклучена во бизнисот со бугарски пасоши во Албанија“, се наведува понатаму.

Како што е веќе познато за властите но и за целата албанска јавност, се нагласува во дописот, во изминатите две години во Албанија, локалните власти за пари масовно во повеќе општини издаваат незаконски потврди за бугарско потекло за сите албански граѓани кои аплицираат за бугарски пасош, со цел да ги користат привилегиите на ЕУ.

Благодарение на телевизијата Топ Чанел и емисијата „Фикс Фаре“, наведува партијата, се докажа дека само општина Булќиза издала илјадници вакви незаконски потврди. И покрај дејствијата против службениците во општина Булќиза, оваа корумпирана практика на незаконско издавање потврди за бугарско потекло продолжува непречено во другите општини во Албанија, контролирани од мрежата на фондацијата Бугарска меморија.

Дополнително, според МАЕИ, оваа мрежа влијаеше на последниот попис на населението во Албанија, со инсталирање попишувачи во областите на македонското малцинство и со притисоци, закани и поткупи ги принудуваа албанските граѓани да се изјаснат за Бугари.

„Една од мерките на фондацијата Бугарска меморија за корумпирање на албанските функционери и за асимилација на Македонците во Албанија, освен бизнисот со бугарските пасоши и незаконските потврди за бугарско потекло се и разните донации коишто ова фондација со поддршка на бугарската амбасада ги прави во областите каде што живеат Македонците во Албанија, претставувајќи ги Македонците како Бугари и предизвикувајќи револт кај Македонците во Албанија, наведува МАЕИ.

Во име на Македонците во Албанија, партијата ги повикува албанските власти да преземат решителна акција против оваа криминална мрежа која е поддржана од фондацијата Бугарска меморија, што вклучува истрага за нивната улога во пописот и незаконското издавање на потврди за бугарско потекло.

„Бараме и забрана за активностите и донациите од фондацијата Бугарска меморија во областите каде што живее македонската заедница, претставувајќи ги како Бугари, бидејќи овие дела претставуваат грубо мешање во внатрешните работи на Албанија и поттикнуваат етничка нетрпеливост. Македонците во Албанија се лојални граѓани кои придонесуваат за земјата преку редовно плаќање на даноците. Ја повикуваме владата да инвестира во развојот на регионите во кои живеат Македонците. Овие области, меѓу најсиромашните во Албанија, се запоставени повеќе од 30 години“, се посочува во допсот.

Се оценува дека инвестирањето во областите каде што живее македонската заедница е клучно за „подобрување на условите за живот и работа и спречување на нашите сограѓани да станат жртви на обидите за негирање и асимилација од надворешни сили“.

Претседателот на партијата Васил Стерјовски изјави дека истиот допис е упатен и до шефот на државата Бајрам Бегај, повеќе министерства, Народниот правобранител, Комисијата за борба против дискриминација, како и до меѓународните претставници во Тирана.

## ВО УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ТИРАНА СВЕЧЕНО БЕШЕ ОЗНАЧЕНО ОТВОРАЊЕ НА ВОННАСТАВНИТЕ МОДУЛИ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

Во Универзитетот во Тирана на 18-ти јануари свечено беше означено отворање на вонннаставните модули за македонски јазик, литература и култура, објави Универзитетот на официјалната веб страна.

Додава дека станува збор за "воннаставен курс по македонски јазик на Факултетот за странски јазици".

Факултетот за странски јазици при Универзитетот во Тирана додаде воннаставен курс по македонски јазик. По повод свеченото отворање на овој курс, ректорот на Универзитетот во Тирана проф. Др. Артан Хоџа ја пречека делегацијата од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"од Скопје, стои во објавата.

Лекторат по македонски јазик функционираше до пред десеттина години. Иницијатива за реактивирање на лекторатот покрена Македонското друштво "Илинден"-Тирана, кое и достави барање до Факултетот за странски јазици на Универзитетот во Тирана беше прифатено за академска година 2023- 2024.

Позитивниот одговор друштвото го оцени како историски момент за Македонците во Албанија.

# Неделно училиште по македонски јазик во црквата Св. Климент Охридски од Торонто



Почитувани читатели!
По долгиот и заслужен зимски распуст еве не' повторно на самиот почеток на второто полугодие од учебната 2023/24 година со нови сили, а желни за нови знаења и нови успеси. Голема е радоста повторно да да се видат веселите очиња на децата и да се слушне детскиот џагор во нашата училница. Преку изучување на нашиот мајчин македонски јазик се чувствуваме како дома. Сите ние со нетрпение ги очекуваме нашите омилени редовни часови во недела. Ден за учење, дружба, радост и смеа. По повод Најголемиот Христијански празник -Рождество на Господ Исус Христос по завршувањето на Светата Литургија, учениците од Неделното училиште со голема љубов и жар во срцата ни' се претставија со Вечниот Бог и Божиќна песна, а од кумовите на црквата Никола и Тања Јосифовски им беа доделени Божиќни пакетчиња.
По повод Василица -Ден на Свети Василиј Велики од страна на Женската Секција при нашата црква на учениците им беа поделени мазничиња, а само во едно од нив имаше златна паричка. Среќниот добитник на паричката е Мила Николовска.
Нека и е со среќа! Тема на месецот што измина беше" Зимата во мојот крај " Паѓајте снегулки бели, донесете многу радост Учениците твореа и пишуваа за зимата и зимските радости во неа.











## „Зимата во мојот крај„

Зима е.Времето во зима е многу студено.Често паѓа снег а понекогаш дува силен ветер.Ние во зима носиме топла облека. Носиме зимска јакна, ракавици и капа, а скоро секој ден и зимски панталони. И покрај тоа што зимата е доста студена има многу зимски активности кои што навистина ги обожавам. Мојата омилена активност е лизгање на мраз со моите најдобри другарки. Исто така кога има снег се лизгаме и правиме Снешко. Јас многу ја сакам зимата и сакам што подолго да трае. Софија Целеска

## "Што треба да има во зима "

Како прво, во зима снег треба да има, бели улици и виулици, снежни топки,лизгавици, мразулци и лапавици, брзи скии,лесни санки, наведнати снежни гранки, златни ронки за врапчиња, оревчиња, колачиња, топла соба,шеги разни, од баба и дедо сказни. Штом е зима, штом е зима, треба ова да го има!
Македонка Јанчевска
Читање на текстот "Сонцето и Снешко" ( За малата група и препишување со ракописни букви- замена на сликите со зборови)

## " Зимата во мојот живот "

Зима е.Во зимата паѓа снег и многу е студено. Понекогаш врне и дожд.Ние се облекуваме во топла зимска облека за да не ни студи.Во зима се санкаме, се скијаме, и правиме Снешко.Јас многу се радувам кога паѓа снег. Зимата е моето омилено годишно време бидејќи можам да направам куќичка од снег.
Мариа Лазаревска

**Продолжуваме понатаму!**



**Пишува и уредува Снежана Тешовиќ учителка во неделното училиште во Свети Климент Охридски, Торонто**


## ENSEMBLE MAKEDONKA COSTUME FUNDRAISER

Ensemble Makedonka is organizing this fundraiser to benefit
MACEDONIAN ORTHODOX CATHEDRAL CONGREGATION
ST. CLEMENT OF OHRID, TORONTO, CANADA
Dress a dream, share a smile: support our costume fund the holiday season.

Help us reach our $5000 fundraising goal for the Costume Fund! Your support will bring new life and repair 6 decades worth of beloved costumes, and keep the magic of cultural traditions alive. Together, let's dress dreams and share smiles. Donate today!






## МИСЛЕЊА НА ЧИТАТЕЛИТЕ И СОРАБОТНИЦИ НА ВЕСНИКОТ ,,МАКЕДОНИЈА,, - КАКВА МАКЕДОНИЈА ПОСАКУВАТЕ ПО МАЈСКИТЕ ИЗБОРИ?

### *МАКЕДОНИЈА, ГОРДА И САМОСВЕСНА, КОЈАШТО НЕМА ПОВЕЌЕ ДА ГО ВИТКА 'РБЕТОТ НА ДУШМАНИТЕ КОИШТО ОТВОРЕНО САКААТ ДА ГИ СОТРАТ МАКЕДОНЦИТЕ*

**Ристо Никовски, поранешен дипломат, соработни со весникот ,,Македонија,,:**



Не посакувам туку очекувам дека повторно ќе се испили вистинската Македонија.
Македонија, горда и самосвесна, којашто нема повеќе да го витка 'рбетот на душманите коишто отворено сакаат да ги сотрат Македонците.
Македонија, којашто одлучно ќе го брани својот суверенитет и нема да дозволи дивеење на бугарските историски синдроми, поддржани од Вашингтон и Брисел.
Македонија, којашто жестоко ќе се спротивстави на обидите да се негира идентитетот на Македонците и нивниот јазик.
Македонија, без ендемска корупција и организиран криминал.
Македонија, којашто длабински ќе се реформира во интерес на сите свои граѓани, и така ќе напредува кон европската интеграција.
Македонија, како држава којашто ефикасно функционира.
Сето тоа ќе биде можно само ако новата власт веднаш ги откаже договорот за (не)пријателство со Бугарија и двата катастрофални протоколи и започне процедура за ревидирање на договорот од Нивици.

**Павле Саздов, поранешен пратеник во Собраието на Република Македонија за Северна Америка:**



Пред се би сакал да се заблагодарам за поканата да се обратам на вашите читатели. Навистина ми е драго што и по изминати многу години од мојот ангажман како пратеник во Македонското Собрание, нашата комуникација и поврзаност продолжува.
Сега по прашањето каква Македонија посакувате по мајските избори. Мислам дека прашањето што треба пред се да си го поставиме е дали воопшто сакаме да имаме држава Македонија? Изминатите години бевме сведоци на многу деструктивни процеси во државата кои и понатаму продолжуваат да го деградираат општеството до точка на неиздржливост. Самите себеси се уништуваме, и затоа пред се мораме да си го поставиме прашањето, сакаме ли воопшто да имаме наша држава, или сепак ни треба некој "од надвор" кој ќе не води и управува со нас.

Само погледнете ја состојбата во образованието. Имаме фукнционално неписмена младина. Од сите земји во Европа, Македонија е втора на дното по интелигенција, само Албанија е полоша од нас. Децата немаат учебници, а тие што ги имаат содржат стари или пак неточни информации. Се повеќе и повеќе родителите ги оставаат децата пред таблетите и телефоните, па така летово при нашата посета на Скопје и Охрид, во повеќе наврати можев да слушнам како млади деца, Македонци, меѓусебно зборуваат на англиски јазик, бидејќи тоа е јазикот на технологијата. Се губи употребата за македонскиот јазик, што преку технолошка асимилација, и дел преку иселувањето во други земји. Патем, трендот на иселување е драматично зголемен, па така населението во Македонија е преполовено. Зарем бидува држава без луѓе во неа?

Да продолжиме во здравството. Секоја година се повеќе и повеќе имаме случаи на луѓе заболени од рак, кои за жал како што видовме во случајот со Клиниката на Онкологија, не добивале терапија бидејќи некој ја продавал на луѓе надвор од Македонија, а на пациентите им давале физиолошки раствор. Нема лекови, за многу болести немаме терапија, нема доктори, децата од Охрид се раѓаат во Струга бидејќи во Охрид нема педијатри. Да не зборувам за источна Македонија, каде состојбата е уште полоша.
Корупцијата демнее во секоја пора. Од портирот, до чистачката, директорот, министерот, секој гледа да го натовари магарето. Колку потежок самарот, толку "по успешен" чиновникот. Па еден автопат од 40 километри не може да се изгради со години, и сеуште никој не знае до кога нема да се изгради патот Кичево-Охрид.

Затоа, ако навистина сакаме држава Македонија, треба да ги признаеме и прифатиме проблемите и работите кои ги наведов погоре, и во многу други области каде заостануваме, па да ги поставиме работите на вистинска патека. Проблемите да ги решаваме суштински, а не површно колку да се купи денот и да се помине. Да се работи стратешки и плански со она што го имаме, да го зачуваме и надградиме.
По мајските избори, би сакал да видам луѓе на место со еден таков план, план за спас на Македонија, план за добро управување со Македонија, план кој ќе ја стави државата на прав колосек.

**Мето Колоски, ко-основач и почесен претседател на Обединета Македонска Дијаспора**



Нема соодветен одговор за жал, но ќе пробам да сумирам тоа што јас би сакал да видам во Македонија и за македонската дијаспора. По 32 години суверена Македонија е на дно во многу полиња, ново име кое мнозинство од граѓаните не дадоа согласност да се промени, згозен национален идентитет внатре и надвор, активни спорови со соседи, некој јавни, некој зад затворени врати, масовно иселување на младите за подобра иднина, загаденоста во сите урбани средини во државата, урбана мафија која гради на секаде, корупција на високо ниво, здравствен и едукативен систем уништен, а да не зборуваме како во Македонија терористи се наградени со амнестија, министерство за одбрана, претседател на собрание, и сега премиер на држава. Тоа значи дека основните вредности и етика повеќе не постојат. ДУИзација на Македонија. Да, сликата што ја осликав е мрачна.

Што после мај? Прво треба да се одговори што правиме до мај? Во предходни изборни циклуси бојкот беше изговор за да не се соочиме со реалноста и да оставиме други да одлучуваат за нашата иднина, да ја одерат срштата на македонштината. Тоа не може да го дозволиме повеќе. Мора македонскиот граѓанин масовно да излезе и да гласа. Треба промена во државата, од илјадници километри се гледа, а не па внатре – таа промена мора да биде диктирана од гласачите. Сите кој сме граѓани имаме голема улога во демократските процеси во државата. Начинот на кој го сменија името, и ред други закони, беа донесени на недемократски начин. Дијаспората мора да излези да гласа, и ние играме голема улога и сме амбасадорите на Македонија надвор, најголемиот инвеститор во државата. Македонија пред се е наша.

Следната влада на Македонија ќе има многу предизвици, пред се освежување, рестартирање, преуредување на социо-економскиот развој на општеството. Здравството, образованието треба да се едни од клучните приоритети, како и борбата против корупцијата, и вложување во мали и средни препријатија во државата. Мора Македонија да одбери 3-4 индустрии и на тоа да се фокусира и да инвестира во тие потенцијали – органското земјоделие, ИТ секторот, фармацевската индустрија/ медичинскиот сектор, како и туризмот. Македонија е центар и раскрсница на Балканот, треба да почнеме да се однесуваме поинаку. Ние одлучваме за нашата иднина. Македонското прашање гори повеќе од 100 години - решението е држава Македонија на македонците - и Македонија мора да биде најсилниот гарант за унапредување на македонскиот идентитет и јазик. Зајакнување на односите со дијаспората треба да биде од клучен интерес на владата по мај – односите се на најниско ниво. Тука би предложил Министерството за Надворешни Работи да се прекрсти во Министерство за Надворешни Работи и Дијаспора, и дијаспората да биде една од клучните столбови на македонската дипломатија. Треба да се консултира дијаспората за тоа како да се справи Македонија со предизвиците, но и да се вклучи во можностите за подобра Македонија. Исто што би сакал да видам е владата да се активира во барање на човековите права на македонците во Албанија, Бугарија, Грција, Косово, и Србија на највисоко ниво, и во сите билатерални средби. Македонија мора да биде гарантор за македонските права.

Скоро 20 години, ние во ОМД, работиме на мисија за влијателна, почитувана и обединета македонска дијаспора посветена на градење и одржување на глобалната македонска заедница. Македонците се одговорни еден за друг. Обединети, можеме!

**Драги Стојковски, претседател на Организацијата Обединети Македонци од Канада:**



По мајските избори во Република Македонија очекувам темелни поместувања во политичкото живеење во татковината. Како прво, очекувам по овие избори СДСМ, која како партија се покажа целосно велепредавничка, да добие црвен картон од македонските гласачи. Второ, очекувам македонските гласачи да ја дадат својата доверба исклучиво на партии и поединци кои недвосмислено ќе ветат зачувување на македонските национални интереси, како што се храбро расчистување со постоечката корупција, расчистување со сите сегашни и минати престапници, обезбедување услови за економски раст и задржување на младите дома, и конечно, раскинување на сите штетни договори, како што се Охридскиот договор, Договорот за пријателство со Бугарија и Преспанскиот договор. Само со ваков исход од изборите ќе ја спасиме Република Македонија и македонскиот народ ќе има иднина во својата татковина за која е пролеана реки крв.

**Д-р Јовица Палашевски, поранешен генерален конзул на Република Македонија во Торонто:**



Со нетрпение го чекам 8 мај, денот на кој Македонецот ќе излезе на избори и ќе стави крај на бројните понижувања, омаловажувања, предавства, уништување на се што е македонско и се' што нашите претци со тешки маки го создаваа и негуваа.

Денес е многу полесно да се биде Македонец надвор од Македонија. Треба да ја вратиме гордоста да се биде Македонец и во Македонија.
Затоа ја користам оваа прилика да упатам барање до сите чесни и патриотски настроени МАКЕДОНЦИ да ги исконтактираат своите роднини и пријатели и да побарат од нив масовно да излезат на избори и да ја подржат опозицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ која има капацитет да ја казни оваа предавничка, вазалска, корумпирана и неписмена влада која е срам за Македонија и македонскиот народ.

Да ги казниме овие изроди на македонскиот народ и да ги сместиме на срамната страна во македонската историја. Да не дозволиме никој да гази по достинството на Македонецот и Македонија!!!!!
Македонија ни е се' што имаме!!!! Да ја чуваме и сакаме!!!!

**Да живее МАКЕДОНИЈА!!!!**

## МИСЛЕЊА НА ЧИТАТЕЛИТЕ И СОРАБОТНИЦИ НА ВЕСНИКОТ ,,МАКЕДОНИЈА,, - КАКВА МАКЕДОНИЈА ПОСАКУВАТЕ ПО МАЈСКИТЕ ИЗБОРИ?

# *Го очекувам истото што се случило на 9 мај пред неколку децении. Слобода...*

**Александар Русјаков, писател, колумнист:**

Оние Македонци во иселеништво кои ме читаат, добро знаат дека наместо името на окупацијата Северна Македонија, јас цинично го користам измисленото име Нордистан со кое в лице им се смеам на оние кои се убедени дека новото име ќе им ги плаќа сметките. Измислена гротеска Нордистан или протекторат Северна Македонија во Западен Балкан, среде јужна Европа, источно од здравиот разум.



Ме прашувате што очекувам по изборите на 8 мај?

Симболично, го очекувам истото што се случило на 9 мај пред неколку децении. Слобода...

Во Македонија никогаш не било полошо. Секако дека очекувам промена на власта. Очекувам влада без политички уцени. Очекувам (посакувам) пораз на сегашниве како што никогаш не бил виден досега кај нас.

Ќе ги прескокнам оние флоскули околу „реформи" и „економски развој", оти јас лично веќе сум стар за реформирање, економски никогаш нема да застанам на нозе, оти уметник нели, а за реформирање и економски развој на Македонија нека мислат оние што народот овојпат ќе им даде доверба да ја менаџираат татковината. Јас очекувам слобода. Слобода за невино осудените од 27 април. Ако овие невини жртви на полициско политички прогон ја добијат заслужената правда, тогаш значи дека се враќа и правниот поредок во државата. Ако пак се врати правниот поредок, тогаш се отвора патот, кој секако нема да биде лесен, за правна разрешница на најголемото злосторство во Македонија, спроведено преку злосторничко здружување, а тоа е кривичното дело познато како промена на името. Сакам да кажам, ако добиеме вистинска слобода, а не „слобода" според двојните аршини на САД , ЕУ и НАТО, тогаш правдата ги има сите докази за да ја отпочне правната битка за враќање на идентитетот Македонија.

Секако, ваква слобода им посакувам и на САД, Канада, членките на ЕУ и сите држави во светот.

**Боне (Боби) Темелков, претседател на Светскиот Македонски Конгрес Канада:**



На парламентарните избори во Македонија кои се закажани за 8 мај 2024 година, очекувам дека Електоратот во Македонија ,народот кој си ја сака својата држава ќе ја сфати неминовноста да гласа за целосна политичка транзиција од Анти во Про- Национално Македонско владеење, нормално ако сакаме да зачуваме и тоа малку што остана од Македонштината во Македонија. Исходот од изборите ќе го обликува правецот ,како ние како Нација ќе се соочиме на фронтовите кои ги водиме или допрва треба да ги започнеме за Македонија, вклучувајќи ги фронтовите на надворешната политика и односи за добрососедство , корумпираното правосудство во Македонија, корумпираната политичка елита и систем на управување ,економска нестабилност ,сиромаштија и најважниот фронт да опстоиме како Македонецот во Македонија. Мое лично мислење е дека Електоратот во Македонија е преморен од постојаната корупција, распродажба за националните интереси ,самоволието и на политичката елита ,компромитираниот судски систем и мизерен економски напредок и најавува силна желба за промени и смена на морам да нагласам "наменски, нелегитимно избраната влада" предводена од СДС И ДУИ кои ја водат Македонија кон длабок Амбис. Мислам дека Фрустрацијата од беззаконието во земјата поттикнува на колективен повик до сите граѓаните на Република Македонија да се даде глас за политички партии кои имаат зацртано планови за заштитат на Македонските Национални Државни Интереси пред се и НАД СЕ ! Овој нов промакедонски состав би требало да се фати за чесна работа уште од самиот почеток, решавањето на горе наведените национални, правосудни, економски проблеми со кои се соочува Македонија и Македонскиот народ ќе бидат од клучно и круцијално значење за враќање на довербата на јавноста ,воедно и поттикнување на правен, транспарентен и поодговорен систем на управување со нашата земја Македонија. 8ми Мај,2024 претставува историска можност да се направат тие многу важни, неопходни промени и зацрта нов курс кон подобра иднина за Македонскиот народ заедно со сите малцинства кои живеат во Република Македонија.

**Солза Грчева лидер на партијата Глас за Македонија:**

Најгорливи проблеми во Македонија се:

1. Враќање на атрибутите на македонскиот народ и држава (име, јазик, идентитет)
2. Системска борба со корупцијата
3. Зголемување на стандардот на народот



Очекувам пред се заштита на македонските национални интереси, македонскиот јазик и идентитет. Има повеќе начини да се дојде до оваа цел. Сега не би ги обелоденувала, бидејќи сме во предизборен период.

Инаку очекувам голема победа на опозицијата, која мора да покаже резултати бргу и промена на досегашните политики.

Посакувам Македонија без корупција, донесување на редица закони кои ги нема, како Закон за потекло на имот, Закон за задолжително познавање на македонскиот јазик, Закон за конфискација на нелегално стекнатиот имот, и др. Македонија мора да стане, а не е, правна држава со јасно одвоени ингеренции на извршната, законодавната и судската власт. Мора веќе еднаш да се создадат независни институции во служба на граѓаните, а не партиски организации. Значи целосна департизација.

Очекувам и ќе барам задолжителен референдум за секое отворање на Уставот, како и Закон за отповикување на функционери при редовна евалуација на нивната работа.

Може многу да се набројува, бидејќи државата се распаѓа. Но, треба да се почне од овие најгорливи прашања.



**Миленко Неделковски новинар:**

Македонска Македонија!



# Pearl White

Dental Hygiene Clinic

Your Dental Hygienist: Atina Gorgiev RDH

☆ Macedonian Senior Teeth Cleaning Special $99

☆ Teeth Whitening Special $129

pearlwhitedentalhygieneclinic@gmail.com

(416)-817-7650

301-4430 Bathurst St.
North York, ON. M3H 3S3








ROYAL LEPAGE Signature Realty
IND. OWNED & OPERATED BROKERAGE

# MAYA MIKAROVSKA

Sales Representative

647.459.4637

Maya@YourTOrealtor.ca

**Ensuring hassle-free real estate transactions:**

- Free home staging
- Free professional photography
- Reno/home design consultation
- Outstanding service, commitment to excellence

*Let's achieve your real estate goals. Contact me today for a confidential, no obligation consultation.*






# Dr. Elizabeth Dimovski

**Family Dental Office**

## Home of the FREE Custom Mouth Guard

**For all our sports-playing patients! Call for details today!**

**2 Philosopher's Trail, Unit #1, Brampton, Ontario, L6S 4C9**

**905-458-6620**

АВТОР: НИКОЛА ПЕТКОВСКИ



ПЕЈАЧКА НА МАКЕДОНСКИ ПЕСНИ ОД С.А.Д. | Б | СМЕСА ЗА МУНИЦИЈА / ЕСТОНСКИ ШАХИСТ ПАУЛ | НАВИВАЧ НА ФК "МИЛАН" / НЕСТАБИЛНИ | М | ГРАД ВО ДАЛМАЦИЈА | ПОЛИТИЧКО ПРИБЕЖИШТЕ ВО ДРУГА ДРЖАВА | НАТАМУ / НАШ СЛИКАР ПЕТАР | Н | ПОГОЛЕМО ЛИТЕРАТУРНО ДЕЛО | КОСТА РАЦИН | КИСЛОРОД | ПРИМИТИВНО ПЛОВНО СРЕДСТВО (СПЛАВ) | ОПАЮ / ЖИТЕЛИ НА КРАГУЕВАЦ | Н

Ж

ОСТВАРУВАЧ, ИЗВЕДУВАЧ | ТРОШОК / ЕДНО СЕТИЛО

УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДОВИ | ВИД РИБАРСКА МРЕЖА / КАНЦЕР

ПАТРОН НА МАКЕДОНСКАТА ЦРКВА ВО ДЕТРОИТ | С | ПАТРИОТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ОД КАНАДА | АЛКАЛОИД ВО ЧАЈОТ / МАСНА МАТЕРИЈА ВО ОВЧА ВОЛНА | ЛУЃЕ КОИ ЛЕЧАТ, ДОКТОРИ / ЗАПАД | ГАЛИНА УЛАНОВА / МЕСТО КАДЕ ШТО СЕ КОПА

ВИД ДОМАШНО ГОВЕДО | ЛЕКОВИТА БИЛКА / АНТИЧКА МАКЕДОН. ДРЖАВА | ХЕМИСКИ ЕЛЕМЕНТ

С | НОВ ЗЕЛАНД / СИЛИЦИУМ | СЕЛЕН / ИТАЛИЈАНСКИ ПИСАТЕЛ ПЈЕТРО | ПРЕФИКС: ВОЗДУХ



ДОБРОЧИНСТВО / ЕДНА ОД С.А.Д. | ХЕМИСКИ ЕЛЕМЕНТ | КАЛИУМ / ВОДА (ЛАТ.)

КУМИРИ / СРПСКИ РОМСКИ БЕНД | АМПЕР / МАШКО ИМЕ, ЗЛАТКО | МЕСТО ВО СЛОВЕНИЈА КАЈ ТОЛМИН

О | ИСТИ БУКВИ / ТУРСКИ ДОСТОИНСТВЕНИК | В

П | ТЕЛЕФОНСКИ ПОВИК / ВЛАСТ НА ЕМИР (МН.) | МАЖЈАК НА СВИЊА / ПЕЈАЧОТ РОСИ

РАСА МАЛИ КОЊИ / ОТЛАДНИК | "РУДАРСКО ИСТРАЖУВАЧКИ РАБОТИ" | ЖЕНСКИ ПЕЈАЧКИ ГЛАС | АРТИСТКАТА ФАРОУ | М | МЛАДИН. ОРГАНИЗАЦИЈА ОД ТОРОНТО / СИЛЕН | "ИНСТИТ. за НАЦИОНАЛ. ИСТОРИЈА" / ИНДИСКА ПАРА | ЗАШТИТНИК НА ЛОЗАРИТЕ И ГРАДИНАРИТЕ

ГОРГИ ТОДОРОВСКИ / МУСЛИМ. ВЕРСКА СЕКТА | ПОБЕДА ВО ШАХОТ / ВРВОТ НА ГЛАВАТА | ИНДИСКИ ЕП / МЕРИ ЦЕТИНИЌ | СИМЕНС / ТЕТОВСКО ДРУШТВО ОД КАНАДА

Ш | РЕВОЛУЦИОНЕРОТ ЗАПАТА / ИСТОК | ШИМЕ ВРСАЉКО / ГОЛЕМА ПРОСТОРИЈА

ПРАЖИТЕЛИ НА КАМБОЏА | ДЕЛ ОД УЧЕНИЧКИ ПРИБОР | ГРАДАЦИЈА НА МОТОРНОТО МАСЛО / СВЕЖО

РЕКА ВО БиХ | ЕЛЕКТРИЦИТЕТ | ПОЧЕТОК НА ТРКА / ПРОБА, ЕКСПЕРИМЕНТ



П | Ш | ПЛАНИН. ВЕНЕЦ ВО ЕВРОПА / ПЕЈАЧОТ КУПЕР

ВИД ПОШТЕНСКА ПРАТКА / ТЕТОВО | ИТАЛИЈА / ЗАМИСЛА (МН.) | ПРАШАЛЕН ЗБОР | МНОГУ ТВРДА ВУЛКАНСКА КАРПА / НАЧИН

СВЕЧЕНА ПЕСНА (МН.) | ЕКС КОЛУМБИСКИ ФУДБАЛСКИ ГОЛМАН РЕНЕ | СЛИКАРОТ КОРУБИН | АРГОН / БЕЛГИСКИ ФУДБАЛЕР ЕДЕН

ПОГОЛЕМА ИСТЕЧНА ВОДНА КОЛИЧИНА (МН.) | АРТИСТОТ МАРФИ | ПЕЈАЧКАТА МАЛИНКОВА / НАЗИВ, НАСЛОВ

ЗИМСКИ ВРНЕЖ / РАБОТА, ДЕЈСТВО (МН.) | ЕКС ХРВАТСКИ ФУДБАЛЕР АНЃЕЛО | МАШКО ДЕТЕ / ГРАД ВО ШВЕДСКА | С | ВИОЛИНА (ТУР.) / ЛИТАР | Ќ | ТЕМПО / СТАР, ИЗНОСЕН, ИЗВЕТВЕН | СТАРОЕЛИНСКИ МИТСКИ ЛИК / ЈОН ИСАЈА

А | "АКАДЕМСКО КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКО ДРУШТВО" | "МАКЕДОН. АКАДЕМИЈА на НАУКИ и УМЕТНОСТИ"

Ш | ВИД АЛВА / ДРАГАН СПАСОВ (ПРЕКАР) | СРЕДОЗЕМНО МОРЕ / СТЕГАЊЕ НА МУСКУЛ | Т

ВРАТ (МН.) | СРЕБРО (АРГЕНТУМ) | ПЕС ЈАЗОВИЧАР / "НАРОДЕН ОДБОР" | ДЕЛ ОД ПРИСТАНИШТЕ / ОТО ЛИЛИЕНТАЛ



СЛИКАРКАТА ТЕМКОВА | ЗАМОРЕНО / ЕЛЕКТРОН

АПОСТОЛ НА МАКЕД. РЕВОЛУЦ. БОРБА ЗА СЛОБОДА

РЕШЕНИЕ: ЖАКЛИНА МАРКОСКИ, РЕАЛИЗАТОР, АРЧ, УРБАНИЗАМ, ВЛАК, ТЕНИ, ЛЕКАРИ, ГУ, ВОЛ, СЛЕЗ, ВАНАДИУМ, СЕВАЛ, НЗ, К, СЕ, ТЕНЕСИ, АКВА, ИДОЛИ, А, РОЧЕ, ОГНИА, ЗЗ, ВЕЛАР, ПОНИ, АЛО, ТИНО, РЕНЕГАТ, ИНИ, ГТ, ИАТ, РАМАДАНА, С, ШИНИТИ, ЕМИЛИЈАНО, ШВ, КМЕРИ, ЦРТАНКА, САЕ, РАМА, Е, СТАРТ, ПАКЕТ, ШТО, АЛИК, ТЕ, И, БАЗАЛТ, ОДИ, МИЛЕ, АР, ВОДИ, ЕДИ, АНИ, СНЕГ, Т, СИЗИФ, АКЦИИ, МИЛЕВОЈ, МАНУ, ШИН, ТАНИ, МЕДИТЕРАН, ДАКЛ, ГАТ, АНА, УМОРНО, ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

# ПАТРИОТСКИОТ ВОЗНЕС НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ДИЈАСПОРАТА (10)
# ИСКАЖУВАЊАТА НА АЛЕКСАНДАР КОСТОВ

Апостолот на македонското национално ослободување Гоце Делчев , го нарече македонското дело широко поле за дејствување и остварување на националните чувства и слободи. “Македонското дело-тоа огромно море, на најголеми потреби.” “Ние македонците препловивме многу морињa за да се најдеме на ова почва, и не така без некоја цел, туку со една светла мисла и надеж. Дојдовме да ги продолжиме идеалите на Гоце Делчев, најголемиот син на Македонија. Дојдовме да ги просветлиме неговите идеали и дела охрабрени од неговата жар, од неговата борбеност и неговата пожртвуваност за Македонија, така треба и ние да се жртвуваме” ќе рече Александар Костов еден од главните лидери на ОКМ, (ослободителен комитет на Македонија) во Торонто, од групата “кучкари.И токму така, иселениците од Македонија не се нашле во туѓите земји само за да си тераат некаков сеир, туку да направат нешто за својата татковина, она што не можеле да го прават во југословенската федерација. На Македонија да и го зачуваат идентитетот , јазикот, културата, историјата и да се залагаат за нејзиното осамостојување, исто како и нашите илинденски дејци кои се бореа за автономна Македонија. “Зошто и ние да не се жртвуваме за Македонија”, ќе рече Александар Костов. Тој ќе додаде оти Македонија му е се: “Ние сите ќе треба да се жртвуваме за Македонија, да се жртвуваме за човештината македонска, за народот македонски, да се жртвуваме за македонската национална кауза. Ние се жртвуваме секој ден, некогаш знаено, некогаш незнаено. Се жртвуваме со секој чекор, со секој миг, со секој поглед, со секој збор, со секоја мисла, и тоа сето го чиниме за Македонија, оти ни лежи во срцата.”Александар Костов кој беше еден од главните подржувачи на патриотските здруженија во Торонто, можеби и стожерот, неговата финансиска и морална подршка овозможуваше националното “освестување” кое почесто го употребуваше , да почне вистински да “освестува”. И така тој се сметаше како движечка личност во кругот на “окамовците.” Некои сметаат дури дека тој важеше за Александар Македонски на “кучкарите”, а беше феноменален за сигурно. Неговата заботехничка лабораторија сместена во срцето на грчката заедница (нашите вековни непријатели) на улицата Данфорт во Торонто, важеше за централно место, собиралиште, а некои ќе речеа (штабот на кучкарите), но беше трн во окото на елините. Тука се собираа членовите, доаѓаа комитите на исповед кај Александар “големиот”, така на потсмев ќе речеа оние од другата страна за кои тој секогаш велеше “ непокрстените македонци”, а такви имаше многу, и за жалост се уште ги има на куп за да можеш да изградиш планина од ѓубре или по селски речено “гној”.

За Александар Костов сите негови определби и карактеристики за потомството македонско, праисторијата и нејзиното национално и духовно осмислување му биле вткаени во гените. Неговите еволуциски чекореља започнуваат уште во раното детство. Тој брзо сваќа дека човековите морални разуми и интереси кон себе препознавање во еден извртен историски лавиринт, се достигнуваат со еволуција. Со една таква подвижна еволуција ќе се разоткријат сите скриени историски и политички форми околу македонското опкружување, затоа Александар почнува да ги согледува тие еволуциски промени.

Не еднаш ми раскажувал дека неговото детство како да го задолжил, за да дејствува така пожртвувано, и затоа ќе рече: “Мене животот ме задолжил, да бидам жртвеник, сместен во двата олтара на црквата на кој му се служи проскомидија , но јас наликувам повеќе на несреќен клетник, некој ме оптоварил, знаете како што ги товараме магарињата. А тој товар јас ќе мора да го растоварам да не ми тежи. Јас ја прифатив таа задолжителност да бидам лојален на мојата татковина, што ми е оставништво од мојот татко, дедо и прадедо, ако тие можеле да ја сакаат и да гинат за неа, можам и јас, оти таа ние единствена друга немаме. Човек има само една мајка, а нас Македонија ни е мајка над сите мајки. А вие што мислете , мојот или вашиот живот е по скап од оној на нашите предци?”.Александар Костов одамна ги прифатил идеите на Мисирков а неговите зборови како да го оковале неговото обмислување за македонската биднина. Мисирков ќе запише: “ Бидејќи од српско-бугарската несогласност страдаме пред се ние, македонците, наш долг е да го бараме средството и патот за помирувањето. Тоа не тера “ да не си ја знаеме” до сега народноста и да им кажеме и на Србите и на Бугарите: заборавете ја својата великосрпска и великобугарска идеја, откажете се да ни го натрапувате вашиот национализам и патриотизам, во основата на кој лежи претпочитувањето на вашите интереси пред нашите. Дајте ни да си имаме свои разбирања за нашите односи спрема вас и спрема вашиот спор за нас и за нашата татковина, како и за средствата со кои ќе се дојде до општо југословенско одобрување. Дајте ни да си имаме свои, македонски национални чувства и да создаваме македонска култура, како што сме го правеле тоа со векови и кога нашата татковина не влегувала во една држава со вашата. Како македонци, ние ќе бидеме пополезни и на Македонија и на Бугарија и на Србија, воопшто на целото јужно словенство, отколку како Бугари или Срби. Како бугарин јас одамна би рекол: каква ти Македонија! И тука ми е добро, нема зошто да мислам за она што е веќе изгубено. Но како Македонец, јас во Бугарија се чувствувам како на туѓина, каде што навистина се наоѓам меѓу родни браќа, но не сум си дома, во својата татковина. Таа е таму, каде што сум се родил и каде што јас треба да си ги оставам коските, каде што треба да отиде мојот син, ако не ми биде судено да отидам јас лично.

Свеста и чувството дека сум Македонец треба да стојат повисоко од се друго на светов.(продолжува)



ГОРНАН ЈОВАНОВСКИ

# ЌУТЕЊЕТО Е МУДРОСТ, ЗЛАТО ИЛИ ГОЛЕМА ГЛУПОСТ?

Ако некои крадат и лажат најверојатно тоа би било најдобар лек во секое време, во секој момент и за се’ и сешто. Но ако тоа (ќутењето) се однесува за нешта кои се однесуваат за суштествени работи за општество како нашето, тогаш за такво нешто нема ни време ниту оправдание. Овој текст е наменет за молчеливоста на Македонското Министерство за надворешни работи и мнистерот кој го води истото Бујар Османи.

Најмалку две дузини пресуди Судот за човечки права во Стразбур има донесено против Бугарија за кршење на човечките права на македонското национално малцинство во таа држава и тие пресуди Министерството за надворешни работи на Македонија и неговиот министер Бујар Османи ги имаат ставено во “мирување“. Судот од Стразбург ја нема моќта да ги спроведе на дело истите но со нив на државата Бугарија и’ дава на знаење дека она што го прави е недолично, недозволиво во европски рамки, ако не и во светски. Тоа е оружјето кое на Македонија и’ го дава Судот од Стразбур, а министерот Османи не сака да го употреби против бугарските власти или пак народски речено – баш му е гајле.

Во Македонија во последно време никнуваат како печурки бугарски клубови со имиња на лица со фашистичко минато. Еден од нив е и клубот Ванчо Михајлов. Да споменам дека првиот таков клуб го носи името на фашистот Ванчо Михајлов, а директор на клубот е поранешниот премиер на Република Македонија, осведочен бугараш со две државјанства Лубчо Георгиевски. Но не е осамотен Георгиевски во државата, според последниот попис во Македонија се попишани 3.500 Бугари. Незначајна бројка која со огромна помош од нивните им браќа во Бугарија се борат да бидат застапени во Уставот на Македонија. Најверојатно во тоа ќе успеат имајќи во предвид кои луѓе денес раководат со нашата татковина.

Пред крајот на фудбалскиот натпревар меѓу Македонија и Бугарија македонските навивачи ја иссвиркаа бугарската химна за што министерот Османи оштро ги опомена и го оцени нивното однесување како непримерно! Господе Боже чувај не од полошо! Тој истиот министер кога во бугарскиот Парламент беа изгласани резолуции во кои се вели дека нема македонска нација, нема македонски јазик, нема македонска историја (таа е фалсификат) не гугна ниту еден збор во одбрана на земјата во која живее и од која зема плата. Од друга страна, за ред и мир во нашата земја одговорно е Министерството за внатрешни работи – полицијата и ако имаше потреба тие ќе реагираа. Министерт Османи како и неговите претпоставени се на тие позиции да ги бранат македонските национални интереси во и надвор од границите на Македонија. Малку храброст ќе им помогне да им дадат малку надеж на нашите национални малцинства во соседните земји, во Бугарија и Грција, земји членки на Европската унија. Моментно тие се оставени на самите себе. Од друга страна, нашите браќа и сестри во Србија и Албанија, кои не се членки на ЕУ имат доволно права да се искажат онака како што сакаат. И кога е така, зошто толку напори, лаги и убедувања дека единствена алртернатива е членство во Европската унија? ЕУ. Зар сите други две стотини земји во светот ќе одат по ѓаволите?

Самиот факт дека ретко кога во државата Македонија може да се види, чуе, организира протест во интерес не само протест за плати, за цени на намирници... туку и за интерес на опстанокот на државата како корупцијата, неправедно осудените во затворите, сиромаштијата, невработеноста... како што најчесто се случува во другите земји во светот. Можно ли е во нашата татковина народот да се грижи исклучиво за самиот себе, без никаква грижа за доброто на државата како целина? Таква лекција ни’ одржа при посетата на Торонто претседателот на Македонската академија на науката и уметностите Љупчо Коцарев.

**Можно ли е нашиот народ да дозволи да се самоуништиме?**

Веќе тоа е почнато. Идентитетот е на маса. Историјата исто така. Единствен спас е нови парламентарни избори и нова влада која ќе го спречи самоуништувањето. Погоре го спомнав министерот за надворешни работи Бујар Османи со критика дека ќути, дека не вели ниту збор во одбрана на Македонија. Можам и да разберам зошто е така. Бујар Османи е презафатен со решавањето на проблемите кои ги имаат албанските политички партии во Македонија. Ајде да му опростиме. Министерот е “бизи“. Што работаат оние другите во врвот кои не си ја знаат етничката припадност? Премиер, претседател, заменици, трговци, продавачи!

Горното не е само празни зборови. Влез на нашата татквина во Европската унија ќе се обезбеди само тогаш кога ќе се сопре чумата (корупцијата) во татковината. Европската унија има доволно искуство со корупција и криминалци за да прими уште повеќе во својот дом. Се отиде до таму што од онколошка клиника се крадат лекови за болните од рак и се препродаваат во Косово и другите земји. Од ова не може и не смее да се оди подолу!



ТАНАС ЈОВАНОВСКИ

# MEMORIAL GALLERIES INC

## ABOUT US

Memorial Galleries Inc. specializes in monuments and memorials, including grave markers and cremation urns with over 20 years of experience. Memorial Galleries has large inventory of beautiful natural granite monuments from traditional to modern monuments designs in many different colors.



MEMORIAL GALLERIES INC

- Custom Design
- Markers
- Etching
- Repainting
- Final Date

Cemetery lettering






Huge inventory for customer selection

## OUR ADDRESS

53 Bertrand Ave. Unit 1
Scarborough ON M1L 4P3

Mail: mark@memorialgalleries.ca
Tel. +1 416-759-0293
Fax. +1 416-759-522

## BUSINESS HOURS

Monday-Saturday 10AM - 6PM
Sunday by appointment.

**MEMORIAL GALLERIES MARKHAM LOCATION NOW OPEN!**

**WE'VE HELPED FAMILIES CELEBRATE AND COMMEMORATE THEIR LOVED ONES FOR OVER 25 YEARS AND OUR NEW MARKHAM OFFICE IS NOW OPEN! BUY ORTHODOX CROSS AND UPRIGHT MONUMENTS CAN SAVE UP TO 75% THAN CEMETERIES. VISIT US AT 9390 WOODBINE AVE UNIT 2B11, MARKHAM, ON L6C 0M5. 905-717-5310**

**You can also visit our monument factory and showroom in Scarborough at 53 Bertrand Ave, ON M1L4P3.**

# Превоз на стоки за и од Америка и Канада со брод и авион



Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина и Европа.

**ПРЕВОЗ НА СЕ' - ОД ПИСМО ДО КОНТЕЈНЕР**

**Пакети со подароци, пренесување на покуќнина, комерцијална стока, машини, автомобили, бродови, мотори, хуманитарни пратки и друго.**

**Пратките можеме да ги подигнеме од вашата адреса и да ги спакуваме за транспорт.**

**За компании и поединци ги обезедуваме:** потребната логистика при истражувањето на пазарот за увоз и извоз на стоки и услуги, работиме консалтинг, вршиме маркетингшки промоции и сл..

На ваше барање извршуваме комплетна царинска процедура и испорака на пратки на посакуваната адреса.

**MTT -GROUP 309 Armstrong Ave. Georgetown, On L7G 4X6**

email: canadatransport1@yahoo.ca Call Centre: 416-251-4544 Cell: 416-939-0513; 226-606-2892; 647-909-0970

# CRIMINAL DEFENCE LAWYER
# ALEXANDER KARAPANCEV

*Have you been wrongly accused or charged with a criminal offence ?*
*Any charge can impact your record and life!*



Impaired Driving
Domestic Violence
Sexual Offences
Drug Crimes
Theft and Fraud

Don't Wait, CALL NOW!
(416) 613-9984
www.karapancevlaw.ca

# Dr. Andy Plukov
*Family Dentistry*

*Healthy teeth and gums are a vital part of your overall well being. They are also a part of your appearance and confident smile. We provide dental services in a comfortable, caring and professional environment.*

416-265-0197






716 Gordon Baker Road, Suite #107, Toronto, ON, M2H 3B4

# ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ (1872-1903) – ВЕЧЕН МАКЕДОНСКИ ВОЈВОДА
# ГОДИНАВА СЕ ОДБЕЛЕЖУВА 152 – ГОДИШНИНА ОД РАЃАЊЕТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ



ПОЕЗИЈА СО ПОВОД
Пишува и уредува
БЛАГИЦА ДАФОВСКА

**„Во еден зимски студен ден на 4 февруари, 1872 во Кукуш се родил јунакот Гоце познат во градови и села "**

Како секоја година, така и оваа, на четврти февруари ќе одекне роденденденот со роденденски прослави и честитања на најголемиот македонски деец и син, Гоце Делчев - еден од најсветлите ликови во историјата на македонскиот народ. Во чест и слава на овој незаборавен македонски херој, војвода и учител, литературниот прилог ќе биде посветен на неговиот живот и херојски подвизи, прикажувајќи го како еден од најопеаните личности во македонското поетско творештво и книжевна историја со сета негова возвишеност и наша гордост, зашто

**„Гоце е збор што не гине !**
**Гоце е знаме алово!**
**Гоце е вечен војвода !"**

Преку родољубиви стихови од нашите поети, како и народни песни, ќе го опееме неговиот лик и херојско дело; свечено и возвишено ќе го прославиме Гоцевиот роденден:

**„В рани зори сонце грее**
**Земја в сјај се капе,**
**Сегде блика радост бујна -**
**Денес Гоцевиот роденден се слави !"**

Времето во кое живееше било исполнето со политички судири така да рано се соочил со неправди и насилства над својот народ и уште како млад се решил да се бори против турското ропство за слобода на Македонија. Поради неговата храброст и борбеност народниот пеач и современите македонски поети напишале и му посветиле песни, нарекувајќи го „челичен војвода" кои повеќе и посилно ќе кажат:

**„О, Гоце челичен војвод, за тербе песни се пееле**
**Низ вековите ,мрачни – ти хероју наш свет**
**Живееше во дамнешни времиња страшни.**
**Во тебе бури беснееле против душман клет"**

Токму тој „вечен и челичен војвода" е еден од најзначајните личности во историјата на македонскиот народ од крајот на 19 и почетокот на 20 век кој ги симболизира највисоките дострели на бурната Илинденска епопеја:

**„Старци бели, сказни врели**
**в топли гради крријат,**
**за млад Делчев, за Илинден**
**срцата им бијат."**

Со неговата појава на македонската револуционерна сцена, како водач и организатор на Македонското револуционерно движење и со неговите прогресивни мисли народот го следеше патот кон сонцето на слободата:

**Работеше верно за народпот свој,**



**верен на организацијата и беше,**
**за слобода на Македонија,**
**тој храбро се бореше...**

... и така се најде во првите редови на жестоките борби против непријателот. Како заштитник на народот ќе ги полага сите сили и надежи за избавување од вековното турско ропство и за национално ослободување. Енергичен и бестрашен, Гоце како да беше создаден и баран од народот,кое е опеано во народната песна: „Црна се чума зададе": Кој ќе се јунак одбере чумата да ја прпади од жална Македонија ...

Преку народната песна народот барал утеха и спас; искажувајќи ги своите мисли за тешкиот живот под турското ропство.

Кога Гоце бил учител во Штип децата ги учел на македонски, со мајчински патриотски збор. Најголемата надеж и спас народот ги најде во Гоцевиот хероизам – зашто тој беше душата на Македонската револуционерна организација – душата на Македонија !

**„И страв и трепет стана**
**за аги, бегови паши**
**што мачеле народ невин,**
**тоа беше Гоце Делчев,**
**јунак на дните дамнешни, наши !"**

Ова очекувано машко чедо и херој како да беше предодреден да се роди за апостол на револуционерното движење и да се бори за слободата на Македонија. Водел борба со бугарските врховисти, приклучувајќи ги младите војводи кон неговата чета. Го разгорел пламенот на Илинденското востание насекаде. Било со кого да се среќавал, зборувал на македонски јазик, будејќи ја националната свест со мислата:

- МАКЕДОНСКО ИМЕ НЕМА ДА ЗАГИНЕ !"

Поради неговите напредни идеи турските аскери го гонеле и ги напаѓале селаните. Но народот го сакаше и постојано го штитеше. Гоце постана жива легенда. Се криел од Турците и пред очи им бегал: Ту преправен во трговец
Ту облечен во селанец
ја вршеше задачата тешка
минувајќи пред Турците без грешка.

Како резултат на неговиот хероизам и снаодливост, гласот на народот ќе дојде до израз преку народната песна: Црна се чума зададе

**там долу в Македонија,**
**там долу в Демир-Капија**
**кој ќе се јунак одбере**
**чумата да ја пропади**
**од жална Македонија ...**

Гласот на народот тажно и незапирливо ќе продолжи и преку народната песна :

**Абер ми дојде од Солуна града**
**Солунчаните бесилка ставиле**
**Ќе ми го бесат Гоцета -**
**Гоцета Делчев, војвода.**

Во тие моменти на потрага „Гоце ми се стори црно ќумурџиче" и смело им одговара на Турците: - „Абре аскери, вие бре аскери и да го видам Гоцета, јас Гоце не го познавам"

Од песните за Гоце зрачи хероизам, патриотизам со крајна и тажна слика за неговата прерана смрт. Последните херојско-бурни денови од неговиот живот се случија во Баница каде во жестока борба со Турците дојде судбоносниот час:

„На пат за Пирин Планина бела во Баница преноќи село ...
Но, предаден Гоце на Турците беше,
На 4 мај 1903, во Баница село -
загина јунакот наш, смело.

Неговата смрт одекна тажно низ Македонија. Неговиот дух и напредни мисли ќе останат вечно во македонската историја: „ Јас го разбирам светот како поле за културен натпревар меѓу народите" ќе живеат во народните песни, во поезијата, во легендите, во учебниците и училиштата, не само во Македонија, туку и овде, каде преку изучувањето на македонскиот јазик се слуша првата лекција и песна за Гоце.

Во колективната меморија ликот и делото на Гоце Делчев засекогаш ќе останат во мислите на секој Македонец, било каде и да живее. За истакнување е тоа што секоја година во февруари организацијата „Обединети Македонци" од Торонто, во чест на Гоце Делчев одржува „Гоцева комитска вечер"- со свечен банкет и пригодна програма го прославува Гоцевиот роденден. Оваа година, на 3 февруари, Организацијата предводена од претседателот Драги Стојковски по 51 пат, свечено ја одржа Гоцевата комитска вечер и го прослави 152-от роденден на Гоце Делчев.

Со Гоцевите напредни мисли и роденденски прослави, нови хоризонти да го осветлуваат патот кон подобра и прогресивна иднина на Македонија и македонскиот народ.

## СООПШТЕНИЕ:

York Region District School Board каде во рамките на International Languages Program - Интернационална јазична програма застапен е и македонскиот јазик врши подготовка за наредната учебна 2024-2025 година. За таа цел најавена е анкета-survey: - Elementary Macedonian Classes Survey. Целта на оваа анкета е да се соберат податоци од родителите за избор на најдобра локација (училиште) каде ќе се изведуваат часови по македонски јазик.

Учениците треба да бидат на возраст од 5 до 14 години.
Од голема важност за нашите идни генерации е да продолжи со работа македонското одделение и да се афирмира македонскиот јазик.
Анкетата завршува на 1 март, 2024 г.

За повеќе информации јавете се до наставничката Блага Дафовска на тел. 416 289-4750, или на jdafovski@rogers.com.

The YORK DISTRICT SCHOOL BOARD Indigenous Languages and International Languages program is conducting a survey to collect information on the preferred school locations for the Macedonian language class. This class has previously been offered virtually and in-person at Bur Oak in Markham.

To complete the survey, please click on this link: online survey using a Google Form (https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLSeFfYA9twroyEBKNAuHNVjH3aRdRs9JzCHV8IQw66gy0IwGsA/viewform?usp=sf_link).

This survey will close on March 1, 2024 at 3pm. They will assess if Bur Oak is the best location for our class and will use this information for their registration campaign this spring.

Please feel free to share this link with family and friends who would like to see the Macedonian language represented in the board's language program. Language is a very important aspect of our culture and our future generations' connection to their heritage that we must strive to keep.

For more information, please contact Blaga Dafovski at 416-289-4750 or jdafovski@rogers.com.

# ЛИТЕРАТУРНИТЕ ОСТВАРУВАЊА НА КАНАДСКИОТ МАКЕДОНЕЦ АЛЕКСО (ЛЕКО) ЛОЗАНОВСКИ



Народниот творец и поет Алексо (Леко) Лозановски, како и голем број Македонци во иселеништвото е афирматор и чувар на македонскиот јазик, културата, обичаите, религијата, и во целина на древните корени на Македонија. Тој е Преспанец кој живее во Торонто над педесет години, но со срцето и душата е во Арвати, Битола, во неговата Македонија.

Во историјата на овој скромен македонски Канаѓанец кој е еден од основачите на Литературното друштво „Браќа Миладиновци“ од Торонто, кое работи во состав на Катедралната македонска православна црква „Св. Климент Охридски“, е запишано дека во 1997 година, на основа на неговите неколку издадени трудови на поезија и проза, како и врз основа на тоа што тој како иселеник е бранител и чувар на македонскиот јазик, културата и литературата е примен за член на Друштвото на писателите на Македонија. Исто така, Лозановски е член на Литературното друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј, Затоа, тој е респектиран поет во групата македонски поети и писатели кои живеат и творат во Канада, САД, Австралија и Европската Унија.




Алексо, или Леко Лозановски, како што милуваат да го именуваат неговите најблиски пријатели е роден во убавата Долна Преспа, во селото Арвати. Но, судбината го однела да живее во метрополата Торонто, во Канада, од каде преку пишаниот збор најповеќе и најубаво ја изразува својара љубов кон својот роден крај Арвати, кон Преспа и кон Македонија.

Алексо Лозановски пишува стихови за деца, млади и за возрасни, тој е собирач и низ сопствен творечки ангажман ги пресоздава умотворбите од македонскат народна литература. Во неговата биографија е запишано дека тој е роден во селото Арвати, Преспанско на 15 мај 1934 година. Со образование се стекна во својот роден крај, во блиското село Крани, кога и започна да се интересира за македонското литературно творештво. Уште како младо момче Алексо бил и претседател на Младинскиот актив на село Арвати, кој во тоа време броел околу 60 членови. Потоа, во 1960 година во Ресен го положил шивачкиот занает, а во 1965 година, фамилјарно се преселил во убавата и привлечна Битола, каде, како многумина преспанци се вработил во текстилната фабрика “Битолатекс”.

Судбината на семејството Лозановци била да ја напушти Македонија и да се пресели во Канада, во еден сончев и рацветан ден, на Ѓурѓовден, 6-ти мај, 1971 година. Во таа пролетна убавина тие се подготвиле да ја напуштат Македонија и да се преселат во Торонто, каде Алексо со својата сопруга Неда и семејството живее повеќе од педесет години. Меѓутоа, иако ова доблесно семејство живее во демократска Канада, тоа остана доследно на својата вековна македонска национална припадност и на своите корени во Македонија.

Треба да се нагласи дека членовите на семејството Лозановски се големи приврзаници и почитувачи на Македонија и на нивната втора татковина – Канада, затоа, често се вели дека тие се еден вид мост меѓу Македонија и Канада. Тоа се потврдува со зборовите на покојната сопруг Неда, која, исто така беше позната поетеса, која запишала: „Каде и да се оди, каде и да се биде во светот, во било која точка и судбинскиот дел од животот, треба човек да се бори за својата иднина, да го чува мајчиниот јазик, обичаите, традициите и религијата, со цел да остави трајни белези за идните генерации тие да ги продолжат древните македонски вредности“.

Со доаѓањето во Торонто, Алексо Лозановски активно се вклучи во редовите на црковниот, општествениот и културниот живот на македонските иселеници и стана член на повеќе културни друштва и македонски православни црковни општини во Торонто и пошироко. Тој е еден од основачите на Литературното друштво “Бракја Миладиновци” во Торонто, кое е формирано на 6 - март 1987 година, како културна гранка при Македонската православна катедралната црква “Свети Климент Охридски” во Торонто. Меѓу другото бил и претседател на Литературното друштво, а повеќе пати бил и член на Управниот одбор и други секции на црквата „Свети Климент Охридски” во Торонто, потоа. околу десет години, бил и претседател на културниот комитет при црквата “Свети Климент Охридски”, а во црквата “Света Недела” во градот Ајџекс, бил претседател на “Судот на честа”

Алексо Лозановски повеќе пати бил учесник на светската манифестација “Струшки вечери на поезијата”, која се одржува секоја година во родниот град на браќата Миладиновци, Струга. Покрај тоа што настапил по градовите во Македонија, исто така, со своја поезија настапил и во Канада, Америка, Австралија и во некои земји од Европската Унија.

Со пишување поезија и проза се занимава од поодамна. Прва негова книга –збирка од шеговити, сатирични кажувања и записи ја објави во 1995 година, под наслов „Од итар поитар“ (проза). Со ова необично дело постигна виден резултат меѓу Македонците во Канада и САД, а особено меѓу членовите на литературното друштво „Браќа Миладиновци”.во Торонто.

Поетскиот првенец на Алексо Лозановски е стихозбирката насловена „Скаменети траги”. Таа е издание на реномираната издавачка куќа „Матица македонска”, а е издадена во 1998 година. Оваа стихозбирка содржи педесетина песни, главно со родољубив, мисловен, интимен и дескриптивен карактер. Таа е збирка во која е насликана современата македонска литературна мисла од аспек на еден Македонец - исленик. Стихозбирката „Скаменети траги” содржи стихови преку кои авторот ја изразува својата љубов кон македонската песна, својата мисла и дел од неговото творечко остварување.

Поетското остварување на Лозановски, пак, под наслов „Прозорци“ (1999) е поделено на два циклуси во кои се застапени 50 песни. Тематиката на песните имаат за цел да го доближат читателот до суштината на македонска поезија на Македонците во дијаспората..

Алексо Лозановски покрај поезија за возрасни, пишува и поезија за деца. Тоа е детската поетска збирка под наслов „Подарен цвет“, издадена во 2005 година. Таа е поделена на три циклуси, во која се застапени 41 басничка. Целта за издавање на оваа детска збирка поезија беа младите македонски читатели кои живеат во Торонто да се запознаат со македонските басни.

Исто така, Леко Лозановски е автор и на стихозбирката „Светулка“, издадена во 2011 година, а негови трудови се објавувани во разни весници, книги и списанија во македонската дијаспора и во Република Македонија.

Од оваа и од другите стихозбирки може да се заклучи дека Алексо Лозановски ги пишува стиховите онака како го научил животот, со љубов кон народното творештво, кон Македонија, од душа, со препознатливи стилски фигури. Со сите тие интимни поетски остварувања тој ги направи значајните чекори во неговото скромно, но големо поетското остварување меѓу македонските иселеници.

Се чини најзначајното дело на арваштанецот Алексо (Леко) Лозановски од Торонто е монографијата за селото Арвати. На промоцијата што се одржа во македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ во Торонто, авторот на овие редови, Славе Катин како промотор на книгата рече дека ова обемно и луксизно издание на издавачката куќа „Менора“ од Скопје, кое е издадено во 2001 година, а кое содржи триста страници има за цел да го спаси од заборавот убавото преспанско село Арвати и традицијата на населението во него и во Долна Преспа.

Делото „Арвати“ е опстоен труд во кој се дадени релевантните податоци за селото и неговите жители, меѓу кои: историскиот развој на оваа долнопреспанска стара населба, особеностите и карактеристиките, стопанските и семејните прилики на населението, традициите и верските празнувања, како и голем број податоци за секое семејство во селото и насекаде по светот.

Во делото се вели дека интересот за печалбарското село Арвати во Долна Преспа не бил карактеристичен само за неговите поранешни или денешни жители, туку напротив, неговиот историски развој и богатото културно минато биле предизвик и за многумина домашни и странски научници кои пишувале за Македонија. Инаку, Арвати има заедничко селско подрачје со селото Крани. Тоа има само околу седумдесетина куќи, но имало шест македонски православни цркви и тоа: манастирската црква „Свети Архангел Михаил“, потоа црквите „Свети Илија“, „Свети Наум“, „Света Недела“, „Свети Никола“ и „Света Богородица“ каде се и старите гробишта.




Во монографијата „Арвати“ се дадени статистичките податоци, со кои се сака да се запознае читателот со демографскиот раст на селото. Во неа, исто така, се дадени релевантни податоци за неговиот историјат, култура и традиции. Со еден збот монографијата е огледало за целокупниот живот во селото Арвати во Долна Преспа и е значајно дело на иселеникот Алексо Лозановски од Канада.

Пишува Славе Катин



# WE STRIVE TO BRING THE MACEDONIAN AND CANADIAN CULTURES CLOSER TOGETHER

## Our Vision

To be recognized within the community as a home that celebrates the Macedonian culture and heritage and provides accommodations for Seniors capable of living independently.

## Our Values

We play a vital role in support of Macedonian heritage and culture. We strive to bring the Macedonian and Canadian cultures closer together. We wish to create and support community involvement. We show respect, and support the feeling of self-dignity, to all our residents. We help bring a healthy lifestyle to the individuals that reside in CMP. We support and encourage family involvement and care.
We value diversity in ethnicity.

## Our Mission

To provide quality, affordable accommodations and companionship to Seniors of all backgrounds with an
aim to encourage the vibrant Macedonian culture in the city of Toronto, Ontario and all of Canada.

## Goals

Support and celebrate the Macedonian culture
; Offer companionship to all residents; Provide quality accommodations; Provide affordable housing

## Be a Volunteer

We support High School Volunteer Credits.
Our many fundraising events welcome your volunteer time and talents!

## MACEDONIAN OPEN

The Macedonian Open is one of Canada's longest running golf tournaments and today is Canadian Macedonian Place Foundation's largest annual fund raising event.

Over the years the Macedonian Open has raised over $1,200,000 in net proceeds for the benefit of Canadian Macedonian Place and other charitable causes supported by the current registered charity, Canadian Macedonian Place Foundation.




**Experience The 80th Annual Macedonian Open Golf Tournament**
**ANGUS GLEN GOLF CLUB**
**DATE: MONDAY, JULY 8TH, 2024**







**850**
**O' Connor Drive**
**Toronto On**
**M4B 3L6**

Apartments for senior citizens 65+
Fully renovated one - bedroom suites with full kitchen
Bathroom with shower stall especially designed for seniors

Limited subsidy available, subject to eligibility Balcony or patio walk out;
Outdoor parking available
For more information please call at 416-755-9231
Zlatka Cokov or Margarita Donakovski or Snezana Jakimovska.

**Amenities**
Macedonian Place offers a lower lounge with a cozy fireplace and bar over looking the ravine. The ceiling has engraved walnut wood panels and a beautiful chandelier. There are glass display cases with traditional folk costumes and artefacts as well as trophies from the Macedonian Golf Tournament which first took place in 1942. The Front Lounge with a cozy fireplace and three wall murals depicting the life in the "old country", provides a warm and inviting place to enjoy the day.
-On the Main Floor next to the Lounge is the Entertainment Lounge/TV Room where residents watch their favourite shows or sports games. Outside, the walkways and gardens offer a lovely setting, set in an active area of East York, is within walking distance of many facilities. The TTC stops at our door.

**Nearby: Restaurants; Drug Stores;Banks;Beauty Salons;Bowling Alley;Transit Stops**

**Канадско-македонскиот дом располага со апартмани за лица над 65 години;**
**Целосно реновирани апартмани со спална, дневна, кујна, балкон и бања со туш;**
**Располагаме и со паркинг места за станарите;**
**Можете да аплицирате за намалена кирија која е ограничена и предмет на квалификација.**

**За повеќе информации јавете се кај:**
**Златка Чоков, Маргарита Донаковски или Снежана Јакимовска**

**на тел. број: 416-755-9231**

**ZCokov@CanadianMacedonianPlace.com**
**MDonakovski@CanadianMacedonianPlace.com**
**sjakimovska@canadianmacedonianplace.com**

## ШЕГИ

### Машки и женски размислувања

Мажите кажуваат: „Жени, не се возбудувајте ако трчаме по вас.. Трчаме и по топката, па на крајот сепак ја шутираме.“ Женски одговор: „Мажи, не се возбудувајте ако ви кажеме дека сме заљубени во вас. Се заљубуваме и во еден пар чевли, но си купуваме уште 15, за секој случај.“

### Која е разликата помеѓу комарецот и мажот?

Комарецот нервира само преку лето.

### Море

На Јадранско Море се дави Англичанец и моли:- Help! Help!
На брегот седи еден човек и му довикува?
- Ете, подобро да научеше да пливаш, отколку да зборуваш англиски!

### Џентлмен

Оделе Трпе и Трпана по улица, кога надвор почнало да врне. Трпе веднаш извадил чадор од ранецот и и' го дал на Трпана, па и' рекол:
- Срцка, еве земи го чадорот за да не накиснеш до дома – на што таа му одговорила:- Леле, баш си џентлмен... А ти како ќе си одиш до дома? Ќе накиснеш...
- Па со такси! – рекол Трпе.

### Прашања

Ја прашува Цветко сопругата:

- Кога јас би починал дали ти повторно би се омажила? – на што таа му одговорила:

- Не љубов моја, би останала да живеам со сестра ми... А ти, миличок, дали би се оженил повторно, ако мене нешто ми се случи?
- Не, љубов моја и јас би останал да живеам со сестра ти – одговорил Цветко.

### Нерешено

Трпе го прашува другар му, Спасе:
- Еј, Спасе, што би се случило кога јас би бил интимен со жена ти?
- Ништо ќе биде 1:1.

### Срциња

Трпе ја прашува Трпана:
– Жено, кој ти е овој што на секоја објава ти става срце?
– А, па тоа ми е кардиологот.

### Заљубени

Ноќ. Двајца заљубени седат на клупа во паркот. Дечкото:
– Еј, гледај срце, ѕвезда шо паѓа, посакај нешто!
– Сакам да се омажам за тебе!
– Ааа, не била ѕвезда бе, авион бил.

### Баба Кумановка

Иде баба од 90 година куде матичног доктора и му вика:
-Докторе кој ќе ме лечи кд ти умреш?

### Откритие

Научниците тврдат дека откриле дека ја нашле храната со која либидото на жената опаѓа за 90 отсто.
Се вика свадбена торта.

*-Жените стапуваат во брак затоа што веруваат дека тој ќе се промени. Мажите стапуваат во брак затоа што веруваат дека таа нема да се промени. И двајцата се лажат.*

*-Тоа што го земав презимето на сопругот не значи дека не сум феминистка. Само не сакам никој од средно училиште да знае каде сум и што правам;*

*-Кога мажот и' отвора врата на жената од автомобилот, тоа значи дека или автомобилот е нов, или жената е нова.*

*-Сопругата ми даде комплимент: Ми рече дека се' што ќе ми каже, знам да го свртам во своја корист.*

*Секој сопруг знае дека е полесно да се извиниш, отколку да бараш одобрение.*

*-Бракот треба да се потпишува на 10 години, исто како возачка дозвола. Па, потоа ако сакаш, ја продолжуваш.*

*-Младоженци, кога ќе стапите во брак запомнете дека при секоја расправа со сопругата треба да ги имате последните зборови кои гласат: „Да, душо!“*

*-Бракот е како да одиш во ресторан. Го нарачуваш тоа што го сакаш, а потоа ќе видиш што нарачал другиот и посакуваш да не си избрзал со нарачката.*

*-Кога некој новопечен младоженец изгледа среќно, сите знаат зошто е така. Кога некој по 10 години брак изгледа среќно, сите се прашуваат зошто е така.*

*-Тајната за среќниот брак, останува најголема тајна.*

*- Кои се најважните зборови за успешна и среќна врска? „Извини“ и „Ти си во право“...*

*-Бракот е исто како да си ги избришал сите апликации на телефонот, освен една.*

## АФОРИЗМИТЕ НА ТАШКО КУБАНОВСКИ

*- Од непријателот ќе се ослободиш ако од него направиш пријател.*
*- Облеката ништо не зборува а се' кажува.*
*- Има луѓе што се плашат од староста, иако воопшто не се сигурни дека ќе ја дочекаат.*
*- И самиот ѓавол не ги знае сите женски ѓаволштини.*
*- Во морето од проблеми без проблеми пливаат празноглавите.*
*- Мажот кога ќе ја погледа жената, станува ловец, а кога ќе ја улови станува плен.*
*- Спомениците на комунистите умреа со нивните градители.*
*- Со пари се остваруваат многу сонови –но сонот го губиш.*








Секоја сабота
од 9-10 на CHKT AM 1430
Tel. 905-265-2197
dimovskid@rogers.com





## НАПРАВИ САМ

Во оваа рубрика НАПРАВИ САМ ќе може да се запознаете како да направите прекрасен дизајн, декорација, украс, нова облека, разни акцесорис за вас лично или во вашиот дом. Изработката на сите предмети е рачна и понекогаш на машина за шиење. Материјалите кои ги користам во изработката на предметите и облеката се веќе искористени или постоечки во некој друг дезен и вид, кој се разбира не ни треба повеќе. Рециклирањето е број еден за заштита на нашата убава планета земја.

Затоа да бидеме инвентивни и да направиме нешто убаво и корисно!
Да почнеме: Денес ќе ви дадам идеја како да си направите нов празничен стајлинг на каишот и ташната:

**1. Светликава самолеплива лента;**
**2. Ташна и каиш;**
**3. Ножици;**

Најпрвин ќе одберете светликава лента во овој случај јас одбрав „штрас“ во сребрена боја бидејќи ташничката е сребрена. Доколку вашата ташна е во друга боја можете да одберете слична на неа украсна лента.Каишот е исто така сребрен но, тенок па, во овој случај морав лентата да ја сечам на половина. Како што можете да видите на сликата горе одбрав да ставам една поширока лента на врвот која се гледа и од другата страна и една помала лента подолу точно каде што се отвора ташничката. Само на крајот од каишот оставив празен простор за да може да се закопчува останатиот дел цел го покрив со светликавата лента. Драги читатели сега е вашиот ред да пробате и да уживате во секоја нова идеја и декорација!

**Рубриката НАПРАВИ САМ ви ја подготви Каролина Ристеска.**

# All-Risks Insurance
BROKERS LIMITED

Auto | Home | Life | Commercial

**Tommy A Boichevski** Managing Partner
511 McNicoll Avenue, Suite 202, Nort York, ON, M2H 2C9

Bus:416.628.7949 Fax:1.855.552.7329
Cell:416.986.9973 E-mail: tboichevski@all-risks.com






# SB Video

ddings, Engagements, Christenings, Anniversaries, Birthdays
Transfer VHS to DVD and PAL to NTS System

**bozarovskistefo@aol.comPhone: 416 -299-7710/ Cell: 647-617-7931**

bozarovskistefo@aol.com
Phone; (416) 299-7710
Cell: (647) 975-8177

# Македонија

macedonia.canada@yahoo.com
www.macedonianewspaper.com

**Такси Томче Битола**

Доколку имате потреба од превоз од и до аеродромите во Скопје, Солун, Софија, Приштина и други градови јавете се кај Томче.

Такси превоз низ цела Македонија и надвор од неа.
25 годишно искуство како професионален такси возач.

**Тел: 070 743 330**

Fm98,7MHz
STEREO
РАДИО
МЕФФ
+ 389 48 411111
www.radiomeff.mk

**MACEDONIAN RADIO PROGRAM**

https://www.youtube.com/user/Oro-MakedonskoChicago

## Oro Makedonsko
https://www.facebook.com/oro.makedonsko

*Boshko Rajchvski - Pelisterski*
*810-335-5552*





The Carpenters' Union Local 27
Family would like to wish everyone a...
HAPPY FAMILY DAY!
UNITED BROTHERHOOD OF CARPENTERS AND JOINERS OF AMERICA
LABOR OMNIA VINCIT
CARPENTERS
& ALLIED WORKERS
LOCAL 27
SAFE, WELCOMING AND INCLUSIVE
TO EVERYONE.
222 Rowntree Dairy Road, Woodbridge, ON L4L 9T2
T: 905-652-4140 | www.ubc27.ca | @carpenters27

# СВЕЧЕНО ПРОСЛАВЕН ПРАЗНИКОТ СВ. ЈОВАН, СЛАВА НА ПРЕСПАНСКОТО СЕЛО,, БОЛНО,,

***-БОЛНО БОЛНО НАШЕ САКАНО БОЛНО БОЛНО СЕЛО ПРЕКРАСНО, ТИ СИ НАША РАЈСКА ГРАДИНА , ТИ СИ ВОЛШЕБНА УБАВИНА-***





На 20 јануари 2024-та година по традиција се одржа свечен банкет во чест на селската слава на селото Болно и Болнци кои денес ги има насекаде во светот, особено во прекуокеанските земји.



Банкетот го организираше друштвото ,, Болно,, од Торонто, а на истиот присуствуваа Болнци и нивни пријатели од Канада и САД.

Годинашни кумови на селската слава беа Дорче и Ружа Таневски, а годинана кумството го презеде семејството на Пере Источки и неговиот син Трајче Источки. Во чинот на благословувањето на лебот, виното и пченицата учествуваа свештениците при црквата Свети Климент Охридски од Торонто Сашо Целески и Александар Тодоровски.

Како и во селото Болно долгогодишниот обичај беше претставен и во текот на славата кога неколку момчиња заедно со Пере Источки со котле осветена вода, сув босилек и светиот крст ги попрскуваа присутните со светата вода како благослов за добро здравје и среќа. Тие за возврат го даруваа крстот со пари.

Се служеше богата вечера која ја подготви шефот Алексо Мачковски со неговите соработници во кујната а вечерта ќе биде запаметена и по вредната лотарија, со многу награди кои ги даруваа самите гости. Банкетот за Свети Јован помина весело, со оро и песни кои ги исполнуваа Соња, Оливер и Стив.



Една од песните чиј рефрен се повторуваше беше ,,Болно Болно наше сакано,, која пее за селото Болно, и за Болнци луѓе највесели, мераклии, но и печалбари кои никогаш не си ги заборавиле корените и своите изворни македонски обичаи.

Свеченоста се одржа во средната банкетна сала македонската православна црква Св. Климент Охридски во Торонто.







# Сеќавање на 44-та по ред Гоцева, Комитска Вечер 2016-та година





**На 6-ти февруари 2016-та година во Торонто се одржа 44-та Гоцева Комитска Вечер.**

Претседателот на организацијата Обединети Македонци од Канада господин Мендо Бакаловски во својот патриотски говор ги



поздрави сите присутни и потсети на ликот и делото на големиот револуционер и визионер за слободата на Македонија. Тој во своето обраќање се осврна на тогашните состојби во Македонија кои го нарушуваа нејзиниот углед, ја валкаа историјата и се болка како што рече тој - за секој вистински Македонец. Неговата порака до Македонците беше да си подадат рака независно на која партија и уверување припаѓаат.

Пратеникот во македонскиот парламент за Северна Америка Павле Саздов поздравувајќи ги присутните на Гоцевата вечер изрази задоволство од присуството на големата патриотска манифестација, а се осврна и на актуелната политичко-безбедносна ситуација во Република Македонија. Во продолжение направи ретроспектива на состојбите во македонската држава во изминатите 12 месеци.

Пратеникот Павле Саздов на свеченоста го одликуваше претседателот на Организацијата Обединети Македонци од Канада Мендо Бакаловски со посебно признание испратено од Собранието на Република Македонија.

Прота Илија Донев, парохиски свештеник во Св. Климент Охридски во Торонто ја пренесе пораката од името на Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Американско-канадски Господин Методиј .



Притоа тој истакна:

-Секој народ има свои големи луѓе кои оставиле длабоки траги во историјата на својот народ. И ние, Македонците, имаме такви грандиозни личности кои го одбележале периодот на нивното живеење. Покрај другите, секако се и нашите борци и сите херои кои ги дадоа животите за својата Татковина - Македонија.

Меѓу сите нив Гоце Делчев е најмаркантната личност. Тој бил идеологот на нашата революционерна борба. Бил народен учител, револуционер но и визионер. На младите, преку запознавањето со македонското писмо, им врежал идеја за љубов кон Татковината, а на постарите им кажувал како треба да се брани Татковината. Оти, љубовта кон Татковината подразбира најпрво љубов кон луѓето и љубов кон Бога. Плод на таквата љубов е заедништвото и единството на народот. "Ние немаме друга Татковина" им велел тој. "Нашата Татковина е Македонија и ние треба сами, без ничија помош однадвор, да се избориме за нејзината слобода. Оти секоја помош однадвор ќе биде наше ново ропство".

Пред сто години тој го разбра светот како поле на културен натпревар меѓу народите. Ропствата, војните и непријателството не оддалечуваат еден од друг, а науката и културата ги зближуваат народите едни со други. Колку би било убаво и Богоугодно доколку овие негови мисли се исполниле. Народите би живееле во мир, слога, спокојство и натпреварување во доброто. Наместо злото доброто би било начело во нашето општествено живеење. Но, за жал, и тогаш како и денес се случува спротивното. Да се поучиме од примерот на овој наш Великан. Да си ја сакаме Татковината - МАКЕДОНИЈА, да си го сакаме својот народ, да си ја сакаме нашата Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија. Тоа се вредности кои ја гарантираат наша-



та иднина како посебен народ и идентитет.

Присутните ги поздрави и неговата екселенција Амбасадорот на Р.Македонија во Канада Тони Димовски кој во свое име им ја честита на организаторите 44 по ред Гоцева Комитска вечер со искрено задоволство што салата на црквата Св. Климент Охридски беше полна,а тоа е доказ дека нашиот патриотски дух живее и по толку години од Гоцевото време.

Претседателот на црковната управа во Св. Климент Охридски госпоѓа Вера Белчевска во своето обраќање пред присутните на Гоцевата Вечер истакна:

Деновиве ние, Македонците, ширум светот го прославуваме роденденот на нашиот голем човек, револуционер и искрен и чест борец за МАКЕДОНСКАТА ВИСТИНА – ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ.

Ретки се таквите личности како ликот на нашиот великан Гоце Делчев. Ние, Маке-



донците, се гордееме со него но затоа, пак, наша обврска е да го чуваме и продолжуваме неговото дело. Тој е нашиот пример и идеал како, не само со зборови и со дела, туку и со личен пример треба да се чува Татковината. Одговорноста, но и благословот историски, пред се', се темелат на оние кои ги поставила историјата да бидат светило и за идните генерации. Таков непоколеблив темел за нашата народна и духовна слобода е токму Гоце Делчев. Тој е светило кое зрачи, и со дела и со личен пример. Неговиот пример го следеа плеада револуционери од неговото време но и подоцна кои, почувствувајќи ја историската прилика за создавање своја Македонска држава, себе си се вградија во борбата за национална слобода. Тука најпрво ќе ги спомнеме за Груев, Карев, Ѓорче Петров, Сандански и многу други. Делата, трудот и



жртвите нивни ние ги чувствуваме денес. Ако не беше нивната борба не ќе беше ни "Вториот Илинден", не ќе беше ниту Република Македонија денес чии припадници и дел сме и ние во иселеништвото.

Професорот Стефан Влахов Мицов беше специјален гостин од Македонија, професор на Националниот институт за историја на универзитетот Св. Климент Охридски во Скопје, активист, историчар, писател и филозоф. Тој во своето обраќање детално ја објасни состојбата во Македонија, повикувајќи ја дијаспората на единство со матицата и укажа на големото значење на исленициите за иднината на Македонија.



Почесниот македонски конзул во Аризона Џејсон Мико добар понавач на состојбите во нашата земја и продуцент на документарниот филм ,,Името е име,, се осврна за наметнатиот спор со нашето вековно име



и позициите за влезот во Нато. Во ова издание на весникот ,,Македонија,, ги пренесуваме неговите ставови и видувања кои ги сподели со нас непосредно по завршувањето на 44-ТА Гоцева Комитска Вечер,,.

На свеченоста присуствуваше и пратеникот во Собранието на Република Македонија Зоран Георгиевски кој исто така се обрати од свечената говорница.

И неговите пораки беа татковински и во насока на зачувување на трајните придобивки од многуте македонски битки, борби и востанија.

Спасен Силјановски познат интерпретатор на македонски песни во фолклорен дух одново беше гостин на Гоцевата Комитска Вечер.Тој заедно со Децата од Буф, еден од нашите најдобри оркестри во Канада придонесе за патриотското расположение кај гостите.







# LOFRANCO CORRIERO
PERSONAL INJURY LAWYERS



## SADO MEMETI
*CLIENT SERVICES*

***Dir: 416-618-5526***
***Fax: 416-223-3404***

*425 Britannia Rd East, Unit 122*
*Mississauga, Ontario L4Z 3E7*
*sado@lofrancolawyers.com*

*5255 Yonge Street, suite 200*
*North York, Ontario M2N 6P4*
*www.lofrancolawyers.com*



**Call Sado if you have a serious personal injuries or injuries from car accidents.**
Адвокатската канцеларија ќе ви помогне при сериозни лични повреди и повреди здобиени во сообраќајни незгоди.
LANGUAGES SPOKEN :
English, Macedonian, Serbian, Croatian, Bosnian, Albanian
**Садо течно зборува македонски**, српски, хрватски, босански и албански јазик.

AUTO SALES
ALEXANDER THE GREAT INC.
THE WHEELS TO CONQUER YOUR JOB

# ALEXANDER THE GREAT AUTO INC

Buying a car? Remember, it is more than just spending money. We, at Alexander The Great Inc. Auto Sales understand that quite well. Be it the look you desire or be it the efficiency you need! We provide you with the best of advice, the best of services and best of options in our inventory for quality pre-owned vehicles.

At Alexander The Great Inc. Auto Sales we deal in all Ranges of cars. Our professional and amicable staff is here to help you find the best suited car for you and your family. Instant Financing Approval, Buying or trading, Alexander The Great Inc. Auto Sales is the destination for your next car because we know exactly what you wish for!

## Contact Us

***Address***
***2695 Durante Way,***
***Milton, ON, L9T 5J1***

## *Sales: 833-216-1270*

*Hours of Operation*

| | |
|---|---|
| *Monday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Tuesday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Wednesday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Thursday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Friday* | *9:00 AM to 5:00 PM* |
| *Saturday* | *9:00 AM to 5:00 PM* |
| *Sunday* | *Closed* |






**Подготвил Отец Сашо Целески, парохиски свештеник**
**во МПЦ Св.Климент Охридски, Торонто**
**Macedonian Orthodox Calendar 2024 (by father Sasho Celeski)**

| 2024 | | | FEBRUARY — 29 days |
|---|---|---|---|
| **D** | new | old | ORTHODOX CALENDAR |
| T | 1 | 19 | Venerable Makarius the Great; St. Mark from Ephesus |
| F | 2 | 20 | Venerable Euthimius the Great |
| S | 3 | 21 | Venerable Maximus the Confessor |
| | | | 35th Sunday after Pentecost, Tone 2; Res. Gospel 2; on Divine Liturgy: 1 Tim. (1,15-17); Lk. 93 (18, 35-43) |
| S | 4 | 22 | St. Timothy, the Apostle |
| M | 5 | 23 | St. Clement, bishop of Ancyra; St. Agathangelos, martyr |
| T | 6 | 24 | St. Xenia from Rome |
| W | 7 | 25 | † **St. Gregory the Theologian** |
| T | 8 | 26 | Venerable Xenophont and Maria; St. Joseph, Bishop of Solun |
| F | 9 | 27 | Transfer of the relics of St. John Chrysostom |
| S | 10 | 28 | St. Ephrem the Syrian, venerable |
| | | | 36th Sunday after Pentecost, Tone 3; Res. Gospel 3; on Divine Liturgy: 2 Cor. (6,16-7,1); Mt. 62 (15, 21-28) |
| S | 11 | 29 | Transfer of the relics of St. Ignatius Theophoros |
| M | 12 | 30 | **Three Holy Hierarchs:** Basil, Gregory and John Chrysostom |
| T | 13 | 31 | Sts. Cyrus and John, Unmercenary Physicians |
| W | 14 | 1 | † **St. Tryphon, martyr** (*Antef. of Presentation*) |
| T | 15 | 2 | **Presentation of our Lord Jesus Christ in the temple** |
| F | 16 | 3 | †**Sts. Simeon the Host of God and Ana** |
| S | 17 | 4 | Venerable Isidore of Pelusium |
| | | | 37th Sunday after Pentecost, Tone 4; Res. Gospel 4; on Divine Liturgy: 1 Tim. (4,9-15); Lk. 94 (19, 1-10) |
| S | 18 | 5 | St. Agatha, martyr |
| M | 19 | 6 | V.Bukolos of Smyrna; St. Photius of Constantinople |
| T | 20 | 7 | Venerable Parthenius of Lampsacus |
| W | 21 | 8 | St. Thodore Stratilates; Holy Prop. Zachariah |
| T | 22 | 9 | St. Nikiforos, martyr (*Apod. of Presentation*); |
| F | 23 | 10 | † **St. Charalampos, hieromartyr** |
| S | 24 | 11 | † **St. George of Kratovo, martyr** |
| | | | Sunday of the **Publican and the Pharisee** Tone 5; Res. Gospel 5; on Divine Liturgy: 2 Tim. (3, 10-15); Lk. 89 (18, 10-14) |
| S | 25 | 12 | St. Meletius of Antioch |
| M | 26 | 13 | Venerable Martinian |
| T | 27 | 14 | † **Repose of St. Cyril of Solun;** Ven.Auxentius |
| W | 28 | 15 | St. Onesimus, apostle |
| T | 29 | 16 | Ven.Pamphilus, Porphyrius and other Martyrs |

| 2024 | | | ФЕВРУАРИ — 29 дена |
|---|---|---|---|
| **Д** | нов | стар | СЕЧКО |
| Ч | 1 | 19 | Преп. Макариј Велики; св. Марко Ефески |
| П | 2 | 20 | Преп. Ефтимиј Велики; св. цар Лав Велики |
| С | 3 | 21 | Преп. Максим Исповедник; преп. мч. Неофит Никејски |
| | | | Недела 35 по Педесетница, Гл. 2; Ев. В 2, На Литургија Апостол 1 Тим (1,15-17); Ев. Лк 93 (18, 35-43) |
| Н | 4 | 22 | Св. ап. Тимотеј; преп. мч. Анастасиј Персиец |
| П | 5 | 23 | Св. свешт-мч. Климент Анкирски; св. мч. Агатангел |
| В | 6 | 24 | **Преп. Ксенија Римјанка; преп. Македониј Сириски** |
| С | 7 | 25 | † **Св. Григориј Богослов**; св. свешт-мч.Владимир Киевски |
| Ч | 8 | 26 | **Св. Јосиф Солунски**; преп. Ксенофонт и Марија со чедата |
| П | 9 | 27 | Пренесување на моштите на св. Јован Златоуст |
| С | 10 | 28 | Преп. Ефрем Сирин; преп. Исак Сирин; преп. Паладиј |
| | | | Недела 36 по Педесетница, Гл. 3; Ев. В 3, На Литургија Апостол 2 Кор (6, 16-7,1); Ев. Мт 62 (15, 21-28) |
| Н | 11 | 29 | Пренес. на моштите на св. свешт-мч. Игнатиј Богоносец |
| П | 12 | 30 | Свети Три Ерарси; св. свешт-мч. Иполит Римски |
| В | 13 | 31 | Св. бесребр. Кир и Јован; св. мч-чка Трифена |
| С | 14 | 1 | *Прет. на Сретение;* † **св. мч. Трифун**; св. мч-чка Перпетуа |
| Ч | 15 | 2 | Сретение на Господ Исус Христос |
| П | 16 | 3 | † **Св. Симеон Богопримец и пр-ца Ана**;св.Николај Јапонски |
| С | 17 | 4 | Преп. Исидор Пелусиот; преп. Николај Исповедник |
| | | | Недела 37 по Педесетница, Гл. 4; Ев. В 4, На Литургија Апостол 1 Тим (4, 9-15); Ев. Лк 94 (19, 1-10) |
| Н | 18 | 5 | Св. мч-чка Агатија |
| П | 19 | 6 | Св. Вукол Смирненски; св. Фотиј Цариградски |
| В | 20 | 7 | Св. Партениј Лампсакиски; преп. Лука Еладски |
| С | 21 | 8 | Св. пр. Захариј; св. вмч. Теодор Стратилат |
| Ч | 22 | 9 | *Одд. на Сретение;* св. мч. Никифор; |
| П | 23 | 10 | † **Св. свешт-мч. Харалампиј**; преп. Прохор Лободник |
| С | 24 | 11 | † **Св. мч. Георгиј Кратовски**; св. Власиј |
| | | | Недела на **Митарот и Фарисејот**, Гл. 5; Ев. В 5, На Литургија Апостол 2 Тим (3, 10-15); Ев. Лк 89 (18, 10-14) |
| Н | 25 | 12 | Св. Мелетиј Антиохиски; св. Алексиј Московски |
| П | 26 | 13 | Преп. Мартинијан; св. ап. Акила и Прискила |
| В | 27 | 14 | † Упок. на св. Кирил Солунски |
| С | 28 | 15 | Св. ап. Онисим; преп. Евсевиј; пре. Пафнутиј и Ефросинија |
| Ч | 29 | 16 | Преп. Памфил, Порфириј и др. мч-ци |





*Funeral planning can get overwhelming, but you're not alone. Our staff is here to support you and help you through your grief journey while honoring your loved one. To help you get started, below is some helpful information. But please feel free to contact us with any questions.*

HERITAGE FUNERAL CENTRE
O'Connor Bros. & Ralph Day Chapels

# OLD MILL PASTRY & DELI




***WELCOME TO OLD MILL PASTRY And DELI***

## Freshly Baked Bread and Pastries

*Old Mill Cafe is an Eastern European coffee shop*

*We serve freshly brewed coffee, balkan-style hot meals and delicious desserts*

Contact Address:

385 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1E7, Canada

Contact Info:

416.551.1779 / 416.519.0064
Email: info@oldmillpastry.ca

Working Hours:

Tuesday to Sunday 8:00AM - 8:00PM
Monday - CLOSED

